# СОДРЖИНА


*ДАНОК НА ДОДАДЕНА ВРЕДНОСТ*

- **ДДВ при промет на употребувани возила……………..…………5**

*ТРГОВИЈА*

- **Одлука за определување највисоки цени и Одлука за посебни услови за трговијата на одделни стоки и обврска на трговците да прибавуваат и продаваат определени видови и количества на одделни стоки на потрошувачите според определен редослед………………17**

*НАДОМЕСТОЦИ ОД ПЛАТА*

- **Стаж на осигурување што се смета со зголемено траење (Бенефициран стаж)…………..…………28**

*ПРИДОНЕСИ*

- **Ослободување од плаќање на придонеси за лица вработени како замена на работник, кој користи породилно отсуство……………………………………51**

*ПРАВО И ЛЕГИСЛАТИВА*

- **Избор на членови на УО и но и останати измени кај Закон за трговски друштва………………………….58**

*ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ*

- **Плати за месец Јануари 2025 година…....………………………66**
- **Плати за месец Февруари 2025 година…...……………..……89**

*ТЕКОВНИ ИНФОРМАЦИИ*

- **Коефициент на МДБ за Јануари 2025 година....………………112**
- **Коефициент на МДБ за Февруари 2025 година ……………113**
- **Коефициент на пораст на цените за Декември 2024………114**
- **Коефициент на пораст на цените за Јануари 2025…..………116**
- **Референтна каматна стапка за период од 01.01 до 30.06.2025 година………………………………………118**
- **Цени на гориво………………...………………………………120**
- **Рокови за поднесување во Март 2025 година..………………121**

*ПРАШАЊА И ОДГОВОРИ*……………………………………**125**



**СКОПЈЕ, ФЕВРУАРИ / МАРТ 2025**

**2 - 3**

# Д Д В

дипл.економист: Ромео Костадинов

## ДДВ ПРИ ПРОМЕТ НА УПОТРЕБУВАНИ ВОЗИЛА

***Специфичниот третман на оданочување со ДДВ, кај прометот со моторните возила предничи кај прометот на употребувани (половни) моторни возила, кои се увезуваат од страна на трговци со автомобили.***

### *ВОВЕД*

Согласно одредбите од член 2 од Законот за ДДВ (“Службен весник на РМ” 44/99...198/18 и “Службен весник на РСМ” 98/19...57/22), се оданочува прометот на добра и услуги и увозот на добра, кои се вршат со надоместок во земјата од страна на даночниот обврзник, во рамките на неговата стопанска дејност.

Прометот на добра и услуги, подразбира пренос на сопственост од еден на друг субјект (правно или физичко лице), со надоместок во земјата.

Разликите во поглед на оданочувањето со ДДВ, се јавуваат во делот на прометите кои се ослободени од ДДВ, со или без право на одбивка на претходен ДДВ.

Карактеристични отстапувања од општите принципи на оданочување со ДДВ, се застапени кај прометите, кои се третирани со специфични законски решенија присутни во самиот закон, како што е прометот кај новите возила и употребуваните моторни возила.

Сложената процедура и даночен третман кај прометот на возилата е резултат на ослободувањето од ДДВ, кај поодделните видови на прометот со патничките автомобили, но и од определувањето на минималната даночна основица, при тргување на увезените користени возила.

Данокот на додадена вредност воведен со одредбите од Законот за ДДВ (ЗДДВ) е обликуван како општ потрошувачки данок (член 1 став 2 од ЗДДВ), кој се наплатува, покрај останатите даноци, на потрошувачката. Тој се пресметува и наплатува во сите фази на производството и трговијата, какои и во целокупниот услужен сектор. Но, преку инструментот на одбивка на претходниот данок регулиран во член 33 до 37 од Законот за ДДВ се постигнува, оданочувањето во целокупниот претприемачки домен (поле на стопанската дејност) да не доведе до даночно оптоварување. Оптоварувањето сепак е присутно во делови кај што законот предвидува исклучоци, како кај исклучување на правото на одбивка на претходниот данок за деловно потребни издатоци наведени во член 35. Со данокот на додадена вредност треба да се оптовари целокупната приватна и јавна крајна потрошувачка, како и крајната потрошувачка во претприемачкиот домен, која не е растоварена преку одбивката на претходниот данок.

Во однос на неговата структура, данокот на додадена вредност е во согласност со начелото на обезбедување неутралност на полето на конкуренцијата, како во домашната, така и во меѓународната размена на стоки и услуги.

Толкувањето и примената на поединечните одредби од законот треба да бидат во согласност, во најголем можен обем, со карактерот на данокот на додадена вредност како општ потрошувачки данок и со начелото на неутралност на полето на конкуренцијата на пазарот.

Прометот на добра и услуги, подлежи на оданочување со ДДВ, според член 2 точка 1 од Законот за ДДВ, **само ако истиот се извршува со надоместок (размена на исполнувања).**

Размената на исполнувањата претпоставува дека постојат исполнувач и примател на доброто или корисник на услугата и дека за прометот постои противисполнување (надоместок). За претпоставката на размена на исполнувања, прометот и противисполнувањето, мора да стојат во меѓусебна врска.

Размената на исполнувања, може да настапи само ако прометот е насочен кон прием на противисполнување и ако со тоа се иницира саканото, очекуваното или можното противисполнување, така што на крај ќе бидат заемно поврзани, меѓусебно извршените исполнувања.

Притоа, не се спротивставува на претпоставката на размена на исполнувања, фактот, дека не било исполнето очекувањето на надомест, дека надоместокот станал невозможен или дека истиот дополнително се намалил.

Привремените тешкотии во поглед на ликвидноста на должникот на надоместокот, не влијаат врз самиот однос. Може да постои размена на исполнувања дури и ако одредено противисполнување биде доброволно извршено. Прометот и противисполнувањето не мора да бидат со еднаква вредност. По правило, недостасува претпоставката на размена на исполнувања, кога одредено друштво добива парични средства, само за да биде ставено во состојба да изврши остварување на својата општествена цел.

Прометот опфаќа се што може да биде предмет на правниот промет. Сепак, прометот подлежи, во правна смисла, на оданочување со ДДВ, само во оној обем, во кој истите претставуваат промети во економска смисла, т.е. претставуваат промети кај кои постои сопствен економски интерес на тој што плаќа, кој интерес го надминува чистото плаќање на надоместокот.

Едноставното плаќање надоместок, а особено плаќањето во готово или дознаката, не претставува промет во економска смисла. Одржувањето жиро - сметки, штедни влогови и други конта, не претставува промет во економска смисла, од страна на клиентот, спрема кредитната институција.

Вложувањето на имот за надоместок, како и управувањето со имоти за надоместок, претставува промет во економска смисла (на пример на управителот на имотот), спрема клиентот.

Понудата на извршување промет (подготвеност за исполнување), може да претставува промет во економски смисол, доколку за тоа се плаќа надоместок.

Размена на исполнувања не постои, кога се поништува одреден промет на добра, на пример заради вистински недостатоци (враќање на доброто). При враќање на доброто по извршениот промет на добра, се врши исправка на данокот и на претходниот данок, според член 22 став 1 од ЗДДВ. Дали ќе постои враќање на добра или повратен промет на добра, кој подлежи на оданочување, се оценува од гледна точка на првобитниот прималиот на доброто, а не од гледна точка на првобитниот испорачател.

## *2. ДАНОЧНА ОСНОВА ЗА ДДВ*

Даночна основа на данокот на додадена вредност е вкупниот износ на надоместокот што е добиен, или што треба да се добие за прометот, во кој не е вклучен данокот на додадена вредност, согласно одредбите од член 16 став 1 од Законот за ДДВ.

Под надоместок во смисла на став 1 од член 16 се подразбираат пари, добра, услуги и други бенефиции, според пазарната цена која ја плаќа или треба да ја плати примателот на доброто, корисникот на услугата или некое друго лице.

Во **даночната основа** се вклучуваат:

1. Даноците, вклучувајќи ги акцизите, таксите, придонесите и другите давачки, пропишани со посебни закони, освен данокот на додадена вредност;
2. Зависните трошоци за пакување, натовар, истовар, превоз и осигурување, како и провизиите и другите трошоци кои даночниот обврзник му ги пресметал на примателот на доброто или на корисникот на услугата и
3. Субвенциите, кои се директно поврзани со цената на прометот на доброто или услугата.

Даночната основа не ги опфаќа:

1. Намалувањето на цената во форма на дисконт за авансни плаќања;
2. Ценовниот дисконт, рабатот и другите видови на намалување на цената одобрени на примателот на доброто или на корисникот на услугата во време на извршувањето на прометот, ако тие се посебно искажани во фактурата и евидентирани во книговодството и
3. Износот што го добива даночниот обврзник, од примателот на доброто или од корисникот на услугата како плаќање за трошоците што ги направил во нивно име и за нивна сметка, ако тој износ е евидентиран во книговодството.

Општите правила за определувањето на даночната основа се застапени преку изразената вредност на прометот со надоместокот, кој ги содржи останатите јавни давачки содржани во прометот. Наведеното доаѓа до израз кај даночните обврзници - физички лица, кои за наведениот промет должат данок на личен доход. На износот на ДЛД, содржан во надоместокот задолжително се пресметува ДДВ од страна на физичкото лице - ДДВ обврзник.

***2.1. Посебни видови даночна основица***

Посебни видови на даночна основица за ДДВ, се предвидени со одредбите од член 19 од Законот за ДДВ. Специфичните видови на промет, се предмет на посебно регулирање, во поглед на основицата, со цел надминување на дилемите и избегнување злоупотреби на обврската за ДДВ.

Согласно одредбите од член 19, посебни видови даночна основа претставуваат:

1. Во случаите на промет спрема **сопственици**, **вработени, членови или блиски лица**, за цели кои не се поврзани со дејноста, за кусоци или кало, **набавната цена** или, доколку истата не постои, **цената на чинење** во моментот на прометот;

2. Во случаите на користење **услуги** од страна на сопственици, вработени, членови или блиски лица, за цели кои не се поврзани со дејноста, **издатоците** за извршената услуга;

3. Кога надоместокот за прометот на доброто или за услугата се состои во целина или делумно во промет на друго добро или друга услуга (компензација), **пазарната цена** на добиеното добро или примената услуга;

4. Во случај на промет на **употребувани добра**, вклучувајќи и употребувани моторни возила, уметнички и колекционерски предмети и антиквитети, **разликата** меѓу продажната и набавната цена, ако за испораката спрема даночниот обврзник не се должи данок

5. Надоместокот (провизијата) за услугата за отстапување на привремен агенциски работник на работодавач корисник, согласно со закон.

Кај прометот, кој се извршува од страна на:

1. Трговски друштва и други здруженија на лица спрема нивните сопственици на влог, спрема членови и спрема нив блиски лица;

2. Физички лица спрема ним блиски лица и

3. Даночни обврзници спрема своите вработени и спрема ним блиски лица, како даночна основа се утврдуваат износите на набавната цена, цената на чинење или издатоците за извршената услуга, доколку истите се повисоки од надоместокот според членовите 16, 17 и 18 на Законот за ДДВ.

Данокот на додадена вредност не претставува составен дел од даночната основа, односно не е вклучен во износот на набавната вредност или цената на чинење за прометот спрема

сопственици, членови или блиски лица, вработени, за трошења кои не се за цели на дејност.

Во случаите на инвестициските вложувања, за даночна основа се смета пазарната вредност без данокот на додадена вредност на инвестициско вложување, во објект на закуподавачот, извршено од страна на закупецот, која е определена од овластен проценувач, во моментот на настанување на даночниот долг, согласно член 31 став 7 на законот.

При преносот на движен и недвижен имот во постапка за присилна наплата и во постапка за присилно извршување, даночна основа претставува постигнатата крајна цена, намалена за данокот на додадена вредност, пресметан со примена на пресметковна стапка утврдена врз основа на пропишаната даночна стапка освен во случај кога доверителот се стекнува со движниот или недвижниот имот во постапката на присилна наплата и во постапката за присилно извршување, за што даночна основа претставува постигнатата крајна цена.

За прометот остварен по пат на лицитација, даночна основа претставува постигнатата крајна цена намалена за данокот на додадена вредност, пресметан со примена на пресметковна стапка, утврдена врз основа на пропишаната даночна стапка.

По исклучок, првиот и секој натамошен промет со увезени употребувани патнички моторни возила, извршен во рок од три години од денот на увозот, даночната основа не може да биде пониска од вредноста што ја одредил надлежниот царински орган при увозот на возилото.

### *3. ОДАНОЧУВАЊЕ НА ПРОМЕТОТ СО ВОЗИЛА*

Правото на одбивка на претходни даноци е секогаш исклучено за даноци кои настанале при набавката, производството изнајмувањето или увозот на патничките автомобили, велосипеди, мопеди и мотори, дури и во случаи кога даночниот обврзник ги користи овие превозни средства исклучиво за цели на неговата стопанска дејност. Ова важи за сите издатоци поврзани со користењето на ваквите превозни средства, особено за набавка на резервни делови (автомобилски гуми), гориво и потрошен материјал (моторно масло или средства за нега на возилото), како и за услуги поврзани со користењето на наведените превозни средства (на пример трошоци за одржување или поправка, за паркирање, надоместоци за изнајмување гаражи).

Кон категоријата на возила за превоз на патници кои, покрај седиштето на возачот, имаат најмногу осум седишта и чија најголема маса не преоѓа 3500 кг (категорија М1) спаѓаат и теренските возила (“off road vehicles”), возила со зголемена проодност или во секојдневниот говор - “џипови”, но само оние од категоријата М1. За овие возила (сите возила од категоријата М1 и теренските возила од категоријата М1), даночниот обврзник начелно нема право на одбивка на претходен данок во смисла на член 35, точка 2, првата реченица од ЗДДВ.

Возила за комбинираниот превоз (комби), кои се предвидени со македонскиот стандард МКС.М НО. 010 под децимална ознака 1.2.2.3.2. се автомобили кои по конструкцијата, уредите и опремата се оспособени за истовремен или посебен превоз на лица и предмети, без посебни поправки или додатоци и чиј вкупен транспортен капацитет одговара на маса од 17 патници, вклучувајќи го возачот и седиштата. Вадењето и поставувањето на седиштата не се смета за преправка, само ако конструкционо е обезбедена можноста за олеснето вградување и вадење на седиштата. Даночниот обврзник за овие возила има право на одбивка на претходниот данок, доколку ги исполни условите за тоа.

Со документот за хомологација на тип возило, односно со изјава за сообразеност со хомологиран тип на возило, се докажува во која категорија спаѓа возилото, издадено од продавачот како носител на документот за хомологација или од овластен органинституција, доколку се работи за поединечен увоз за кој нема издадено документ за хомологација во нашата земја, туку постои документ за сообразеност на поединечно прегледано возило.

Правото на одбивка на претходни даноци не е исклучено, ако даночниот обврзник ги користи превозните средства од член 35 точка 2 реченица 1 од ЗДДВ и другите добра (резервни делови, горива, потрошен материјал) исклучиво за цели наведени во член 35 точка 2 реченица 2 алинеја а) до д) од ЗДДВ. Доколку е исполнет овој услов, не се применува забраната на одбивка на претходни даноци, ниту врз користените услуги поврзани со употребата на превозните средства (на пример одржување или поправка).

За оценка на прашањето, дали одредено превозно средство се користи исклучиво за цели наведени во член 35 точка 2 реченица 2 од ЗДДВ, не се поаѓа од целокупниот период на користење на возилото, туку за основа се зема намената на

возилото во соодветниот даночен период (календарска година). Од причини на поедноставување, дадената исклучива намена може да се претпостави и во случаи, кога даночниот обврзник го користи превозното средство во многу мал обем (најмногу 5%) и за други цели (на пример за приватни цели). Доколку се промени намената на доброто во подоцнежни даночни периоди, во тој случај се врши исправка на одбивката на преходниот данок согласно со член 37 од ЗДДВ.

Исклучувањето на правото на одбивка на претходни даноци не важи во случаи на исклучиво користење на доброто за следните цели (член 35 точка 2 реченица 2 алинеја а) до д) од ЗДДВ):

1. прометот со превозни средства и други добра (на пример од страна на испорачатели на возила, резервни делови или горива). Доколку даночниот обврзник го изнајмува превозното средство пред неговата испорака согласно со член 35 точка 2 реченица 2 алинеја б) од ЗДДВ, ваквото користење на возилото нема да претставува несоодветна намена;

2. изнајмувањето превозни средства (на пример од страна на рентакар-фирми или друштва за лизинг на превозни средства);

3. превозот со превозните средства и тоа превозот на лица (на пример со такси возила, минибус, летала или пловни возила) или на добра. Превозната услуга мора да претставува основен промет. Овој исклучок не се применува, доколку превозот претставува спореден промет (на пример кон одреден промет на добра).

## *4. ОДАНОЧУВАЊЕ НА ПРОМЕТ СО УВЕЗЕНИ УПОТРЕБУВАНИ ВОЗИЛА*

Оданочувањето на прометот со патничките автомобили, согласно Законот за ДДВ, се подвојува како промет на употребувани или нови патнички автомобили. Прометот без оглед дали се нови или употребувани, вообичаено се врши при увоз, бидејќи Македонија нема производство на патнички автомобили.

Разликата во оданочувањето покрај фактот дали е употребувано или ново, при увозот се огледа и при намената на патничкиот автомобил, за натамошна продажба или за сопствена употреба. Значењето на второто класифицирање се однесува за правото на одбивка на претходниот ДДВ, додека првата поделба нови и употребувани се однесува на определување на ДДВ обврската.

Согласно одредбите од член 19 став 7 од Законот за ДДВ, за првиот и секој натамошен промет со увезени употребувани патнички моторни возила извршен во рок од три години од денот на увозот, даночната основа не може да биде пониска од вредноста што ја одредил надлежниот царински орган, при увозот на возилото.

Вообичаено разликата во ДДВ третманот се манифестира при увозот на употребуваните возила, наменети за натамошна продажба. Прометот по овој основ генерално се врши од страна на увозниците кои вршат дејност продажба на патнички автомобили, популарно наречените "авто плацеви".

При набавка на ново патничко возило при увоз, се пресметува и плаќа ДДВ на износот на декларираната набавна вредност по фактура од ино-добавувач. Декларираниот износ може да не се прифати од страна на царинскиот орган, како основица за пресметувањето на царинските давачки и ДДВ. Во тој случај се утврдува царинската основица, согласно царинскиот закон и соодветниот каталог.

Во секој случај, **трговецот има право** на одбивка на претходен ДДВ, пресметан и платен при увозот на нови и употребувани патнички автомобили.

Разликите во даночниот статус при увозот на нови и употребувани патнички автомобили, претставува даночната основица, која е определена со одредбите од член 19 став 7 од ЗДДВ.

При натамошната продажба на новите (неупотребувани) моторни возила нема ограничување на ДДВ основицата при првиот промет после увозот. За употребуваните возила, ДДВ основицата за првиот промет по извршениот увоз, задолжително се утврдува на износот кој не треба да е помал од износот на кој е пресметан ДДВ при увозот.

Примената на минималната даночна основица во висина на царинската е во периодот на првите три години, од денот на увозот. По истекот на третата година, определувањето на даночната основица за ДДВ, при прометот на употребувани/уве-

зени патнички возила е во висина на договорениот купопродажен износ кој може да биде различен од ДДВ основицата при увоз.

**Пример:** Авто плац извршил увоз на употребувано патничко возило, во вредност од 3.000,00 Еур од ино добавувачот. За транспорт на возилото спрема превозникот платена е фактура во вредност од 500,00 Еур. При увоз царинскиот орган пресметал ДДВ при увоз на основица од 5.000,00 Еур, во вредност од 900,00 Еур (5.000 x 18%).

Возилото е продадено во рок од 3 месеци од извршениот увоз на износ од 4.000,00 Еур без ДДВ. ДДВ обврската при прометот на употребувано возило е утврдено во износ од 900,00 Еур (5.000 x 18%), поради пониската продажна цена од 4.000,00 Еур (5.000 Еур - најниската основица утврдена при увозот).

**Книжења:**

| | | |
|---|---|---|
| 1) 660 - Стоки на залиха | 3.500,00 Еур | |
| 1300 - Побарувања за претходен ДДВ на производи, стоки и услуги набавени во земјата | 900,00 Еур | |
| 221 - Добавувачи од странство | | 3.000,00 Еур |
| 220 - Добавувачи за превоз во земјата | | 500,00 Еур |
| 2321 - Обврски за ДДВ при увоз | | 900,00 Еур |
| - По ф-ра и УЦД при увоз на возило; | | |

| | | |
|---|---|---|
| 2) 120 - Побарувања од купувачи во земјата | 4.900,00 Еур | |
| 741 - Приходи од продажба на добра (стоки) во земјата | | 4.000,00 Еур |
| 230 - Обврски за ДДВ | | 900,00 Еур |
| - по фактура за продажба на возило; | | |

Евиденција на даночната основица за ДДВ, која се разликува од остварениот приход преку употреба на АВР/ПВР

| | | |
|---|---|---|
| 3) 1980 - АВР-Основица за ДДВ-увоз | 1.000,00 Еур | |
| 2980 - ПВР - Основица за ДДВ разлики при увоз | | 1.000,00 Еур |
| - За дополнителна основица за ДДВ; | | |

3а) 2980 - ПВР - Основица за ДДВ
разлики при увоз 1.000,00 Еур
1980 - АВР-Основица за ДДВ-увоз 1.000,00 Еур
- Затворање на АВР/ПВР со поднесена ДДВ-04 (продадено возило);

Евиденција на даночната основица за ДДВ со примена на А/П вонбилансни сметки

4) 9900 - Дополнителна основица
за ДДВ од увоз 1.000,00 Еур
9950 - Дополнителна
основица од увоз 1.000,00 Еур
- за дополнителната основица од увоз на возило;

4а) 9950 - За земјишта (аналитика
по локации) 1.000,00 Еур
9900 - Земјишта (аналитика
по локации) 1.000,00 Еур
- затворање на ДДВ основица од разлики при увоз, при поднесена ДДВ-04.

## *5. ПРОМЕТ НА УПОТРЕБУВАНИ ВОЗИЛА НАБАВЕНИ ОД ФИЗИЧКИ ЛИЦА*

Уште еден вид на промет со употребувани моторни возила, како специфичен тип на промет од аспект на даночната основица за ДДВ, претставува откупот на возила од физички лица.

Со одредбите од член 16 до член 20 од Законот за ДДВ, се пропишувани одредбите, кои се однесуваат на даночната основица, за оданочување на прометот со ДДВ.

Согласно одредбите од член 16 од Законот, даночна основа на данокот на додадена вредност е вкупниот износ на надоместокот што е добиен или што треба да се добие за прометот, во кој не е вклучен данокот на додадена вредност.

Под надоместок се подразбираат пари, добра, услуги и други бенефиции, според пазарната цена, која ја плаќа или треба да ја плати примателот на доброто, корисникот на услугата или некое друго лице.

Прометот со употребувани моторни возила, кои се набавени од страна на физички лица за натамошна продажба, претставува специфичен промет, од аспект на даночната основица за ДДВ.

Во случај на промет на употребувани добра, вклучувајќи и употребувани моторни возила, уметнички и колекционерски предмети и антиквитети, разликата меѓу продажната и набавната цена, ако за испораката спрема даночниот обврзник не се должи данок, претставува даночна основица, согласно одредбите од член 19 став 1 точка 4 од Законот за ДДВ.

Согласно наведеното, доколку се набавува употребувано моторно возило од физичко лице - нерегистриран за цели на ДДВ, за прометот кон физичко или правно лице се пресметува ДДВ на остварена разлика во цена (член 19 став 1 точка 4).

Обврската за ДДВ за наведениот промет и основица се утврдува со примена на ДДВ стапка од 18%, на остварената разлика помеѓу продажната и набавната цена. ДДВ-то не претставува составен дел на остварената разлика, за што разликата се множи со 18%, не со пресметковна стапка од 18%.

**Пример:** Набавена е OPEL CORSA 1.4. од физичко лице, кое не е регистрирано за цели на ДДВ за вредност од 300.000,00 МКД. Возилото е продадено на правното лице "АБЦ" за 500.000,00 МКД.

**Книжење:**

| | | |
|---|---|---|
| 1) 660 - Залиха на стоки | 300.000,00 | |
| 2203 - Добавувачи граѓани | | 300.000,00 |
| - возило OPEL CORSA 1.4; | | |
| 2) 120 - Купувачи "АБЦ" | 536.000,00 | |
| 7410 - Приходи од продажба | | 500.000,00 |
| 2300 - ДДВ 18% | | 36.000,00 |
| - продадено OPEL CORSA 1.4 по ф-ра 56/2025; | | |

# ТРГОВИЈА

м-р Магдица Костадинова

## ОДЛУКА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НАЈВИСОКИ ЦЕНИ И ОДЛУКА ЗА ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ТРГОВИЈАТА НА ОДДЕЛНИ СТОКИ И ОБВРСКА НА ТРГОВЦИТЕ ДА ПРИБАВУВААТ И ПРОДАВААТ ОПРЕДЕЛЕНИ ВИДОВИ И КОЛИЧЕСТВА НА ОДДЕЛНИ СТОКИ НА ПОТРОШУВАЧИТЕ СПОРЕД ОПРЕДЕЛЕН РЕДОСЛЕД

***Одлуката за посебните услови за трговијата на одделни стоки и обврски на трговците да прибавуваат и продаваат определени видови и количина на одделни стоки на потрошувачите и Одлуката за определување на највисоки цени за одделни производи во трговијата на големо и мало се објавени во "Службен весник на РСМ" 37/25 и 38/25.***

### *ВОВЕД*

Согласно член 30 став 1 алинеа 1 и 6 од Законот за трговија ("Службен весник на РМ" 16/04....120/18 и "Службен весник на РСМ" 77/21, 215/21, 295/21, 150/22, 16/25), донесена е Одлука со која се определуваат посебните услови за трговија и обврската на трговците кои претставуваат правни и физички лица, кои се регистрирани за вршење дејност производство и за вршење дејност трговија на големо и на мало во соодветен регистар согласно со Закон, да ги прибавуваат и продаваат определените стоки.

Донесените две одлуки, се однесуваат на определување на **највисока бруто профитна** трговска **маржа** и **најмали количини** при продажба, како и за определување на **највисоки цени** на производи во трговијата.

Одлуките се во примена од 20-ти февруари до крајот на април 2025 година.

Со Одлуката за определување на највисоките маржи во трговијата на стоки на големо и мало се определени три видови на маржи, во висина од 5%, 10% и 15%, кои се применуваат за сите поединечни учесници во ланецот на трговијата на големо и мало.

## *1. УСЛОВИ И ОБВРСКИ НА ТРГОВЦИТЕ ДА ПРИБАВУВААТ И ПРОДАВАТ СТОКИ*

Согласно член 1 од Одлуката, трговците кои претставуваат правни и физички лица и кои се региструрани за вршење дејност производство и за вршење дејност трговија на големо и мало во соодветниот регистар, имаат обврска да ги прибавуваат и продаваат следните стоки:

1) бел и полубел леб, векна, индустриски тип од 350 г до 500 г (цел и на парчиња), со исклучок на свежо печен леб во маркетите;

2) брашно пченично, тип 400 во пакување од 1 до 2 кг;

3) брашно пченично, тип 500 во пакување од 1 до 2 кг;

4) трајно кравјо млеко (освен органско и млеко со додатоци) со масленост од 2,8%, 3,2% и 3,5%, во пакување од 1 л;

5) јогурт од кравјо млеко обичен, без додатоци, со масленост од 2,8% до 3,2%, во пакување од 1 кг и 1,5 кг;

6) кисело кравјо млеко (обично, без додатоци) со масленост од 2,8% и 3,2 %, во пакување од 300 г до 500 г;

7) свежи јајца од кокошка;

8) масло за јадење од сончоглед;

9) масло (путер), индустриски произведен, во пакување од 250 г;

10) маргарин (обичен), во пакување од 250 г;

11) шеќер кристал бел;

12) ориз бел, во пакување од 900 г до 1 кг;

13) печени пекарски производи (ѓеврек обичен, бурек со месо и сирење, баничка со месо и сирење, симит погача и лисната кифла, обична и со сирење);

14) бисквити, „Petit Beurre" и бисквити обични од 300 г до 500 г;

15) тестенини (макарони и шпагети од тврда пченица) без и со јајца од 500g (без додатоци);

16) месо, јунешко, без коски, од бут или некој друг дел (свежо и замрзнато);

17) месо, јунешко, со коски (свежо и замрзнато);

18) месо, свинско, без коски, од бут или некој друг дел (свежо и замрзнато);

19) месо, свинско, со коски (свежо и замрзнато);

20) мелено месо јунешко и мешано;

21) јагнешко месо;

22) пиле (свежо и замрзнато) цело;

23) пилешки стек (свеж и замрзнат);

24) пилешки копан со надкопан (свеж и замрзнат);

25) пилешки копан (свеж и замрзнат);

26) пилешки надкопан (свеж и замрзнат);

27) салама, шункова во пакување од 300 г до 900 г (без слајс пакување);

28) чаен колбас, од свинско месо (без додатоци и без слајс пакување);

29) чаен колбас, од говедско месо (без додатоци и без слајс пакување);

30) пилешка посебна салама во пакување од 300 г до 900 г (без слајс пакување);

31) паштета од џигер и пилешка (кокошја), во пакување од 95 г и 100 г (без додатоци);

32) замрзната риба Ослиќ;

33) свежа риба пастрамка;

34) свежа риба крап;

35) павлака од кравјо млеко, кисела, со масленост од 12% до 20%, во пакување од 180 г до 400 г;

36) урда;

37) традиционално кравјо бело сирење (без додатоци);

38) традиционално мешано бело сирење (без додатоци);

39) традиционално овчо бело сирење (без додатоци);

40) традиционален кравји кашкавал (без додатоци);

41) традиционален мешан кашкавал (без додатоци);

42) зеленчук замрзнат (балканска мешавина), во фолија од 400 г и 450 г;

43) зеленчук замрзнат (златна мешавина), во фолија од 400 и 450 г;

44) зеленчук замрзнат - пченка, во фолија од 400 и 450 г;

45) зеленчук замрзнат - грашок, во фолија од 400 и 450 г;
46) зеленчук замрзнат-боранија во фолија од 400 и 450 г;
47) зеленчук замрзнат-брокула, во фолија од 400 и 450 г;
48) зеленчук замрзнат - спанаќ, во фолија од 400 и 450 г;
49) грашок, конзервиран, во пакување од 400 и 450 г;
50) ајвар од печени пиперки, тегла одо 550 г до 660g;
51) краставички, конзервирани, тегла од 680 г до 720g;
52) печурки маринирани (сецкани), тегла до 720g;
53) маслинки, црни;
54) џем и мармалад;
55) чоколадо млечно обично, во пакување од 80 до 100 г;
56) кечап;
57) томато сос;
58) мајонез;
59) зачин (вегета, зачинал и слично);
60) кафе, пржено, мелено, во пакување од 100 - 200г;
61) сок кашест (матен) овошен, од разно овошје, во тетрапак од 1 л, 1,5 л и 2л;.
62) безалкохолни газирани пијалоци (Кока кола, Пепси, Фанта, Швепс битер лемон, Синалко, Газоза, Миринда и сл) во пакување од 1,25 л, 1,5 л 1,75 л и 2 л;
63) пиво светло во шише и лименка од 0,5 л;
64) вино бело, црвено и розе во пакување од 0,75и 1л;
65) јаболка;
66) лимони;
67) портокали;
68) мандарини;
69) банани;
70) исчистени ореви;
71) грав;
72) кромид;
73) компири;
74) моркови;
75) спанаќ;
76) зелка;
77) краставици;
78) лук;
79) тиквици;
80) домати;
81) пиперки;
82) карфиол;

83) модар патлиџан;
84) леќа;
85) магдонос;
86) брокула;
87) праз;
88) урми сушени;
89) смокви сушени;
90) паста за заби;
91) гел за туширање (машки и женски) од 250 мл;
92) шампон од 400 мл до 800 мл;
93) влажни марамици;
94) тоалетна хартија (двослојна и трослојна);
95) хигиенски влошки;
96) пелени детски, стандардни;
97) бебешки/детски кашички во пакување од 100 до 200 г;
98) бебешки/детски сок од 125 мл до 200 мл;
99) детергент за машинско перење на алишта од 3 кг;
100) детергент за рачно перење на садови од 400 мл до 500 мл;
101) сапун од 80 г до 100 г и
102) течен сапун.

## *2. УТВРДУВАЊЕ НА НАЈВИСОКИ ПРОФИТНИ МАРЖИ ПРИ ПРОДАВАЊЕ НА СТОКИТЕ*

Највисоките маржи од 5, 10 и 15% се пропишани за различните видови на производи, кои таксативно се наброени во Одлуката за највисоките маржи на одредени видови на стоки во трговијата на големо и мало.

Маржите се применуваат од страна на производителите и трговците, согласно спецификацијата на стоките за кои се пропишани највисоките маржи.

### *2.1. Највисока маржа во висина од 5%*

Најниско пропишаната маржа, како највисоко дозволена се однесува на основните човекови производи за исхрана.

**Согласно член 2 од Одлуката,** највисоката бруто профитна маржа од 5% се пропишува за стоките од реден бр.1 заклучно со р.бр.8, **за:**

**1) бел и полубел леб, векна, индустриски тип од 350 г до 500 г (цел и на парчиња), со исклучок на свежо печен леб во маркетите;**

**2) брашно пченично, тип 400 во пакување од 1 до 2 кг;**

**3) брашно пченично, тип 500 во пакување од 1 до 2 кг;**

**4) трајно кравјо млеко (освен органско млеко и млеко со додатоци) со масленост од 2,8%, 3,2% и 3,5%, во пакување од 1 л;**

**5) јогурт од кравјо млеко обичен, без додатоци, со масленост од 2,8% до 3,2%, во пакување од 1 кг и 1,5 кг;**

**6) кисело кравјо млеко (обично, без додатоци) со масленост од 2,8% и 3,2 %, во пакување од 300 г до 500 г;**

**7) свежи јајца од кокошка;**

**8) масло за јадење од сончоглед;**

Маржата за сите трговски друштва и трговци поединци, кои учествуваат во трговскиот ланец е утврдена **во вкупен износ до 5 % во трговијата на големо** и во вкупен **износ до 5 % во трговијата на мало.**

*2.2. Највисока маржа од 10%*

Маржата во висина од 10% се пропишува за стоките кои во Одлуката се наведени од реден бр.9 до реден бр.64, отпочнува со масло (путер), а завршува со вино бело, црвено и розе во пакување од 0,75, и 1л.

Оваа група на производи со највисоката маржа од 10% се однесува исклучиво за гама на прехранбени производи, како и првата група на основните прехранбени производи.

Највисоката бруто профитна маржа од 10% се однесува **за:**

**9) масло (путер), индустриски произведен, во пакување од 250 г;**

**10) маргарин (обичен), во пакување од 250 г;**

**11) шеќер кристал бел;**

**12) ориз бел, во пакување од 900 г до 1 кг;**

**13) печени пекарски производи (ѓеврек обичен, бурек со месо и сирење, баничка со месо и сирење, симит погача и лисната кифла, обична и со сирење);**

14) бисквити, „Petit Beurre" и бисквити обични од 300 г до 500 г;

15) тестенини (макарони и шпагети од тврда пченица) без и со јајца од 500g (без додатоци);

16) месо, јунешко, без коски, од бут или некој друг дел (свежо и замрзнато);

17) месо, јунешко, со коски (свежо и замрзнато);

18) месо, свинско, без коски, од бут или некој друг дел (свежо и замрзнато);

19) месо, свинско, со коски (свежо и замрзнато);

20) мелено месо јунешко и мешано;

21) јагнешко месо;

22) пиле (свежо и замрзнато) цело;

23) пилешки стек (свеж и замрзнат);

24) пилешки копан со надкопан (свеж и замрзнат);

25) пилешки копан (свеж и замрзнат);

26) пилешки надкопан (свеж и замрзнат);

27) салама, шункова во пакување од 300 г до 900 г (без слајс пакување);

28) чаен колбас, од свинско месо (без додатоци и без слајс пакување);

29) чаен колбас, од говедско месо (без додатоци и без слајс пакување);

30) пилешка посебна салама во пакување од 300 г до 900 г (без слајс пакување);

31) паштета од џигер и пилешка (кокошја), во пакување од 95 г и 100 г (без додатоци);

32) замрзната риба Ослиќ;

33) свежа риба пастрамка;

34) свежа риба крап;

35) павлака од кравјо млеко, кисела, со масленост од 12% до 20%, во пакување од 180 г до 400 г;

36) урда;

37) традиционално кравјо бело сирење (без додатоци);

38) традиционално мешано бело сирење (без додатоци);

39) традиционално овчо бело сирење (без додатоци);

40) традиционален кравји кашкавал (без додатоци);

41) традиционален мешан кашкавал (без додатоци);

**42) зеленчук замрзнат (балканска мешавина), во фолија од 400 г и 450 г;**

**43) зеленчук замрзнат (златна мешавина), во фолија од 400 г и 450 г;**

**44) зеленчук замрзнат - пченка, во фолија од 400 г и 450 г;**

**45) зеленчук замрзнат - грашок, во фолија од 400 г и 450 г;**

**46) зеленчук замрзнат - боранија, во фолија од 400 г и 450 г;**

**47) зеленчук замрзнат - брокула, во фолија од 400 г и 450 г;**

**48) зеленчук замрзнат - спанаќ, во фолија од 400 г и 450 г;**

**49) грашок, конзервиран, во пакување од 400 г и 450 г;**

**50) ајвар од печени пиперки, тегла одо 550 г до 660g;**

**51) краставички, конзервирани, тегла од 680 г до 720g;**

**52) печурки маринирани (сецкани), тегла до 720g;**

**53) маслинки, црни;**

**54) џем и мармалад;**

**55) чоколадо млечно обично, во пакување од од 80 г до 100 г;**

**56) кечап;**

**57) томато сос;**

**58) мајонез;**

**59) зачин (вегета, зачинал и сл.);**

**60) кафе, пржено, мелено, во пакување од 100, 200г;**

**61) сок кашест (матен) овошен, од разно овошје, во тетрапак од 1 л, 1,5 л и 2л;.**

**62) безалкохолни газирани пијалоци (Кока кола, Пепси, Фанта, Швепс битер лемон, Синалко, Газоза, Миринда и сл) во пакување од 1,25 л, 1,5 л 1,75 л и 2 л;**

**63) пиво светло во шише и лименка од 0,5 л;**

**64) вино бело, црвено и розе во пакување од 0,75и 1л;**

Пропишаната маржа од 10% важи за сите трговски друштва и трговци поединци, кои учествуваат во трговскиот ланец и се применува **во вкупен износ до 10 % во трговијата на големо** и во вкупен износ до **10 % во трговијата на мало.**

*2.3. Највисока маржа во висина од 15%*

Највисоко пропишаната трговска маржа од 15% се применува за наведените стоки од Одлуката од реден број 66 - (лимони), а завршува со последно наведениот производ од реден број 102 - (течен сапун). Оваа категовија опфаќа покрај прехранбени производи и сет од производи кои се однесуваат за задоволување на хигиено - технички потреби.

Највисоката бруто профитна маржа од 15% се однесува **за следните производи:**

**66) лимони;**
**67) портокали;**
**68) мандарини;**
**69) банани;**
**70) исчистени ореви;**
**71) грав;**
**72) кромид;**
**73) компири;**
**74) моркови;**
**75) спанаќ;**
**76) зелка;**
**77) краставици;**
**78) лук;**
**79) тиквици;**
**80) домати;**
**81) пиперки;**
**82) карфиол;**
**83) модар патлиџан;**
**84) леќа;**
**85) магдонос;**
**86) брокула;**
**87) праз;**
**88) урми сушени;**
**89) смокви сушени;**
**90) паста за заби;**
**91) гел за туширање (машки и женски) од 250 мл;**
**92) шампон од 400 мл до 800 мл;**
**93) влажни марамици;**
**94) тоалетна хартија (двослојна и трослојна);**
**95) хигиенски влошки;**

**96) пелени детски, стандардни;**

**97) бебешки/детски кашички во пакување од 100 до 200 г;**

**98) бебешки/детски сок од 125 мл до 200 мл;**

**99) детергент за машинско перење на алишта од 3 кг;**

**100) детергент за рачно перење на садови од 400 мл до 500 мл;**

**101) сапун од 80 г до 100 г и**

**102) течен сапун.**

Пропишаната маржа од 15% се однесува за сите трговски друштва и трговци поединци во трговскиот ланец **во вкупен износ до 15% во трговијата на големо** и во вкупен износ **од 15% во трговијата на мало.**

На трговците на мало за производите од Одлуката за кои самите го извршиле увозот, **им се признаваат и 5% оперативни трошоци за направениот увоз.**

Трговците за вршење дејност трговија на мало, стоките од Одлуката, кои се поставени на полиците, фрижидерите и разладните уреди, треба јасно да ги обележат со натписот **„помалку трошоци, повеќе за тебе"**, кој е објавен на веб - страницата на Министерството за економија и труд.

Трговците за вршење дејност **трговија на мало, имаат обврска стоките од Одлуката**, да ги прибавуваат и продаваат месечно на потрошувачите, **во количина од најмалку 70 % од количината прибавена во месец јануари 2025 година.**

Трговците за вршење дејност производство и **за вршење дејност трговија на големо имаат обврска** стоките од одлуката да им ги продаваат месечно на трговците за вршење дејност трговија на мало, во количина **од најмалку 70% од количината продадена во месец јануари 2025 година.**

**НАПОМЕНА: Одлуката која стапи во сила од 20 февруари/2025 година, ќе се применува до 30 април/2025 година.**

### *3. НАЈВИСОКИ ЦЕНИ НА ОДРЕДЕНИ ПРОИЗВОДИ*

Покрај Одлуката за максимирање на највисоките маржи, се донесе и одлука за максимални цени на основните човекови прехранбени производи.

Со оваа одлука се определуваат највисоките цени во трговијата на големо и мало на следните производи:

- бел и полубел леб, векна, индустриски тип од 350 г до 500 г (цел и на парчиња), со исклучок на свежо печен леб во маркетите;
- брашно пченично, тип 400 во пакување од 1 до 2 кг;
- брашно пченично, тип 500 во пакување од 1 до 2 кг;
- трајно кравјо млеко (освен органско млеко и млеко со додатоци) со масленост од 2,8%, 3,2% и 3,5%, во пакување од 1 л;
- јогурт од кравјо млеко обичен, без додатоци, со масленост од 2,8% до 3,2%, во пакување од 1 кг и 1,5 кг;
- кисело кравјо млеко (обично, без додатоци) со масленост од 2,8% и 3,2 %, во пакување од 300 до 500 г;
- свежи јајца од кокошка;
- масло за јадење од сончоглед;

Највисоките цени на производите се утврдуваат на ниво-то на цените кои се применувале во трговијата на големо и трговијата на мало на **1 февруари 2025 година**.

Највисоките цени ќе се применуваат во прометот на основните прехранбени производи, наведени во Одлуката, во периодот од 20 февруари до 30 април 2025 година.

Паралелната примена и на двете донесени Одлуки за ограничување на цените и маржите се однесува за истите производи кои се определени како основни прехранбени производи и кои се опфатени со двете одлуки, но одредбите меѓусебно не си пречат во поглед на исполнување на пропишаните лимити.

# НАДОМЕСТОЦИ ОД ПЛАТА

дипл.економист: Јулија Минковска

## СТАЖ НА ОСИГУРУВАЊЕ ШТО СЕ СМЕТА СО ЗГОЛЕМЕНО ТРАЕЊЕ (БЕНЕФИЦИРАН СТАЖ)

***Работниците кои се вработени на работни места кои бараат поголем физички и умствен напор или при извршување на работните обврски се изложени на тешки услови за работа, имаат право на стаж со зголемено траење (Бенифициран стаж).***

### *ВОВЕД*

Со Законот за пензиско и инвалидско осигурување се уредува задолжителното пензиско и инвалидско осигурување, опфатот на осигуреници, правата кои се остваруваат од ова осигурување, матичната евиденција на осигурениците и корисниците на права од пензиското и инвалидското осигурување, основите на капиталното финансирано пензиско осигурување, како и посебните услови под кои одделни категории на осигуреници, ги остваруваат правата од пензиското и инвалидското осигурување.

Правата од пензиското и инвалидското осигурување се неотуѓиви, лични материјални права кои не можат да се пренесуваат на други лица, не можат да застарат, а се стекнуваат и остваруваат во зависност од начинот, должината и обемот на вложувањето на средствата за пензиско и инвалидско осигурување.

На осигуреникот на кого стажот на осигурување му се смета за зголемено траење***, (бенифициран стаж), се регулира согласно следните законски прописи:***

1) ***Законот за пензиско и инвалидско осигурување*** ("Службен весник на РМ" 98/12 ... 57/22, 79/23, 193/24);

2) ***Закон за придонеси од задолжително социјално осигурување*** ("Службен весник на РМ" 142/08 ...251/22, 3/25);

3) ***Правилникот за Методологијата за изработка на стручна документација кон Барањата за утврдување на работни места на кои стажот на осигурувањето се смета со зголемено траење*** ("Службен весник на РМ" 38/04);

4) ***Правилникот за утврдување на работните места на кои стажот на осигурување се смета со зголемено траење*** ("Службен весник на РМ" 284/121, 68/23,19/24, 119/24);

5) ***Одлуката за утврдување единствен кодекс на шифри за внесување на податоци во матична евиденција*** ("Службен весник на РМ" 77/07; 83/10; 89/11).

## *1. СТАРОСНА ПЕНЗИЈА*

Согласно член 18 од Законот за пензиско и инвалидско осигурување, (***во продолжение Законо***т за ПИО), осигуреникот стекнува право на старосна пензија кога ќе наполни ***64 години живот (маж),*** односно ***62 години живот (жена)*** и најмалку ***15 години пензиски стаж.***

## *2. НАМАЛУВАЊЕ НА СТАРОСНАТА ГРАНИЦА*

Старосната граница за остварување на старосна пензија, може да се намали во зависност од определени услови и тоа:

- **Работникот да има најмалку 15 години стаж,**
- **Придонесот за ПИО да е редовно платен,**
- **Работникот да работи на работно место за кое стажот на осигурување се смета со зголемно траење и**
- **Работникот на ова работно место да работи определен број на години.**

Согласно член 19, од Законот за ПИО, на осигуреникот на кого стажот на осигурување, му се смета со зголемено траење, старосна граница за стекнување право на старосна пензија, се намалува зависно од степенот на зголемувањето на стажот и тоа ***за по една година***.

***1) за секои Седум години,*** поминати на работни места на кои ефективно поминати 12 месеци, се сметаат во стаж на осигурување, како ***13 месеци;***

***2) За секои Шест години,*** поминати на работни места на кои ефективно поминати 12 месеци се сметаат во стаж на осигурување како ***14 месеци;***

***3) за секои Пет години,*** поминати на работни места на кои ефективно поминати 12 месеци, се сметаат во стаж на осигурување како ***15 месеци***;

***4) за секои Четири години,*** поминати на работни места на кои ефективно поминати 12 месеци, се сметаат во стаж на осигурување како ***16 месеци;***

***5) за секои Три години и шест месеци,*** поминати на работни места на кои ефективно поминати 12 месеци, се сметаат во стаж на осигурување како ***17 месеци;***

***6) за секои Три години,*** поминати на работни места на кои ефективно поминати 12 месеци, се сметаат во стаж на осигурување како ***18 месеци.***

На осигуреникот, **на кого ефективно поминати 12 месеци стаж на Осигурување, се смета како стаж на осигурување со зголемено траење на работни места** и работи, кои се изведуваат под земја и кој во текот на осигурувањето бил распореден на работи и работни места со различни степени на зголемување на стажот на осигурување, старосната граница за стекнување право на старосна пензија се намалува за секој период поминат на работно место со одреден степен на зголемување на стажот, пропорционално на времето поминато на тоа работно место, со намалување на старосната граница.

Вкупното намалување на старосната граница се утврдува како збир на пропорционално утврдените намалувања за секој поединечен период.

### *2.1. Стаж на осигурување што се смета со зголемено траење*

Согласно член 108 од Законот за ПИО, **на осигурениците кои работат на особено тешки и по здравјето штетни работни места,** како и на осигурениците кои работат на работни места, на кои по наполнувањето определени години на живот, **не можат со успех да ја вршат својата професио-нална дејност, стажот на осигурување им се смета со зголеменото траење.**

Степенот на зголемувањето на стажот на осигурување, зависи **од тежината на штетноста на работата**, односно од природата на работата, така што работните места се распоредуваат во ***шест групи, со тоа што секои 12 месеци ефективна работа се смета како 14, 15, 16, 17, односно 18 месеци, стаж на осигурување.***

Согласно член 109 од Законот за ПИО, како работни места на кои стажот на осигурување се смета со зголемено траење, затоа што работата на нив е особено тешка и штетна по здравјето, можат да се утврдат работните места, на кои се ***исполнети следните услови:***

***1) Во врска со извршувањето на работите на работните места***, да постојат позначителни штетни влијанија врз здравствената состојба и врз работната способност на работници и покрај тоа што се применети сите општи и посебни заштитни мерки, утврдени со прописите, како и другите мерки, што можат да влијаат, врз отстранувањето и намалувањето на штетните влијанија;

***2) Работите на работните места, под тешки*** и по здравјето штетни услови, да се извршуваат непосредно покрај изворите на штетните влијанија, во непрекинатиот тек на работата и

***3) Работите на работните места, под околностите*** од претходните две точки, да ги извршува ист работник, во текот на полно работно време, земајќи го како полно работно време и работното време пократко од 40 часа неделно, определено за одделни работни места, поради посебните услови за работа.

Како работните места, на кои стажот на осигурување се смета со зголемено траење, затоа што векот на вршење на професионалната дејност е ограничен, со наполнувањето на определени години возраст, **можат да се утврдат работните места, во оние занимања, во кои поради природата и тежината на работата**, физиолошките функции на организмот опаѓаат во толкава мера, што на работникот му го оневозможуваат натамошното успешно вршење, на истата професионална дејност.

### *3. УТВРДУВАЊЕ НА РАБОТНИ МЕСТА НА КОИ СТАЖОТ СЕ СМЕТА СО ЗГОЛЕМЕНО ТРАЕЊЕ*

Согласно член 110 од Законот за ПИО, **работните места на кои стажот на осигурување се смета со зголемено траење,** затоа што работата на нив е особено тешка и штетна по здравјето, се утврдува со Правилник, со кој се уредува методологијата за изготвување и содржината на стручната документација, кон барањето за утврдување на работни места, на кои стажот на осигурување се смета со зголемено траење.

Со барањето за утврдување на стажот на осигурување со зголемено траење, подносителот на барањето, приложува документација, со содржината определена со Правилникот.

Во стручната документација, се дава целосен приказ за општите услови, присутни кај работодавецот, што се предмет на анализа, јасен преглед на работата и работните места, со сите ризици од опасни и штетни влијанија, по здравјето на работниците.

**Работните места на кои стажот на осигурување се смета со зголемено траење**, а кои не се опфатени со Правилникот, начинот за нивно утврдување, степенот на зголемувањето на стажот на осигурување на тие работни места, го утврдува **Комисијата за ревизија на работни места на кои стажот на осигурување се смета со зголемено траење.**

**Комисијата ја формира министерот за труд и социјална политика во состав од три члена**, од кои два члена стручни и компетентни лица од областа на безбедноста и здравје при работа и еден член од областа на пензиското и инвалидското осигурување.

**Работните места на кои стажот на осигурување се смета со зголемено траење**, се утврдуваат по претходно прибавено мислење од соодветни стручни и научни организации, на иницијатива на работодавците.

Работните места на кои стажот на осигурување се смета со зголемено траење, подлежат на ревизија што ја врши Комисијата за ревизија на работни места на кои стажот на осигурување се смета со зголемено траење.

***Ревизијата се врши најдоцна во рок пет години, од денот на утврдување на тие работни места.***

На ревизија, подлежат и работни места на кои стажот на осигурување се смета со зголемено траење, работодавачот може да иницира постапка за промена на техничко – технолошките услови на работа.

За работните места, на кои стажот на осигурување се смета со зголемено траење, работодавецот може да иницира постапка за промена на актот на Фондот, поради промена на техничко-технолошките услови на работа.

### *3.1. Осигуреници на кои стажот им се смета со зголемено траење*

Согласно член 112 од Законот за ПИО, стажот на осигурување со зголемено траење, им се смета и на осигурениците што во работен однос, односно на работа, врз основа на која биле задолжително осигурени, поминале работејќи со полно работно време, како:

- ✓ **осигуреници, со телесно оштетување од *најмалку 70%*,**
- ✓ **воени инвалиди *од I до VI група*,**
- ✓ **цивилни инвалиди од војната *од I до VI група*,**
- ✓ **слепи лица,**
- ✓ **лица заболени од дистрофија и сродно мускулни и невромускулни заболувања и од параплегија, церебрална и детска парализа и од мултиплекс склероза.**

На овие осигуреници, секои ***12 месеци*** ефективно поминати во работен однос, врз основа на кој се осигурени, им се сметаат како ***15 месеци стаж на осигурување***, а старосната граница, пропишана за здобивање на старосна пензија, им се намалува за по една година, за секои пет години ефективно поминати на таква работа.

***На осигурениците во кои спаѓаат*:**

- ***Инвалидните лица на трудот, воените инвалиди, цивилните инвалиди од војната***, како и другите инвалидни лица, ако работат онолку време, колку што одговара на нивната работна способност и
- ***Работничките*** – заради доење или нега на дете, односно работниците, заради нега на дете; кои работат на работни места на кои стажот на осигурување се смета со зголемено траење, стажот на осигурување им се зголемува само за она време, што ефективно го поминале на работа.

По исклучок од оваа одредба, на осигурениците на кои стажот на осигурување им се смета со зголемено траење, кои се во работен однос, односно на работа врз основа на која биле задолжително осигурени, поминале работејќи со полно работно време, тој стаж им се зголемува и ако работеле со скратено работно време, како да работеле со полно работно време.

***Во стаж на осигурување со зголемено траење, се смета и времето за кое осигурениците биле осигурени во пензиското и инвалидското осигурување,*** во својство на воен осигуреник или граѓанско лице на служба во Југословенската народна армија, освен времето што граѓанското лице на служба во Југословенската народна армија го поминало во група и тоа под условите и во обемот што се утврдени со прописите, со кои било уредено пензиското и инвалидското осигурување на воените осигуреници.

## *4. ИЗРАБОТКА НА СТРУЧНА ДОКУМЕНТАЦИЈА КОН БАРАЊАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА РАБОТНИ МЕСТА НА КОИ СТАЖОТ НА ОСИГУРУВАЊЕ СЕ СМЕТА СО ЗГОЛЕМЕНО ТРАЕЊЕ*

Изготвување и содржината на стручната документација, кон барањата за утврдување на работни места на кои стажот на осигурувањето се смета со зголемено траење е регулирано согласно **Правилникот за методологијата за изработка на стручна документација,** кон барања за утврдување на работни места, на кои стажот на осигу-рувањето се смета со зголемено траење.

Со барањето за утврдување на стажот на осигурување со зголемено траење, подносителот на барањето во согласност со член 35 и 36 од Статутот на Фондот на ПИОМ, прилижува документација, со содржината определена со правилникот.

**Во Стручната документација, се дава целосен приказ за општите услови присутни кај работодавецот**, што се предмет на анализа, јасен преглед на работата и работните места со сите ризици од опасни и штетни влијанија, по здравјето на работниците.

### *4.1. Основна содржина на стручната документација за утврдување на работните места, кај кои постојат тешки и штетни влијанија на работата*

Согласно член 3 од Правилникот, со цел да се утврди фактот, дали на работното место постои тежина и штетност за здравјето и работната спсобност, стручната документација мора да содржи:

- ***Податоци за поднесувачот на барањето;***
- ***Податоци за работното место;***
- ***Податоци за штетните влијанија на работното место;***
- ***Податоци за последиците на штетните влијанија на работата, врз здравствената и работната способност;***
- ***Предлог за степенот на зголемување на стажот и***
- ***Укажување за примена на законските одредби со образложение.***

Подносителот на барањето треба да даде опис на технолошкиот процес, застапен кај работодавецот, бројот на работниците што учествуваат во производниот процес, како и оцена на технолошкиот процес, од аспект на применатата технологија, во смисол на тоа дали истата е современа или не, како и степенот на постојните мерки за заштита при работата, во производниот процес.

Исто така, заради утврдување на фактичката состојба, за степенот на загрозеност на работните места потребна е да се прикаже методологијата за следење на параметрите, кои се во согласност со Законот за заштита при работа и подзаконските акти од областа на заштитата при работа.

*4.2. Општи податоци за работни места*

Согласно член 6 од Правилникот, податоците за работното место содржат:

***а) Назив на работното место и опис на работното место***, според договорот за работа;

***б) Услови за вработување*** (се наведува дали се бараат посебни особини за вработување на ова работно место во поглед на: годините на возраст, полот, стручната подготовка, работното искуство, здравствените, психофизичките и социјалните особини и други специјални особини);

***в) Бројот и структурата на вработените, распоредени на работното место и тоа*** (според староста и работниот стаж на работното место, за кое се поднесува барање);

***г) Режимот на работата*** (работа во смени, ноќна работа, прекувремена, распоред и траење на работното време, скратено работно време, бројот на траењето на паузите во текот на работењето, организираноста на исхраната, рекреативни одмори и слично);

***д) Попис на работите*** во кои вработениот учествува во процесот на работата, односно технолошкиот процес;

***ѓ) Податоци дали на ова работно место се вршени посебни здравствени и психолошки контроли*** и какви (*периодични контролни прегледи при вработувањето и слично)* во согласност со прописите од областа на работните односи и заштитата при работа;

***е) Опис и попис на работните задачи, според актот за систематизација и организација на работодавецот и тоа за:***

- ***локација на извршување на работните задачи;***
- (*место/места на работата на кои се извршува,*
- *работата на работното место, работен простор и простории во кои вработениот работи);*
- ***предмет на работа (суровини и др. материјали);***

***ж) Средства за работа*** (*машини, алати, орудија, извори на енергија*), кои се користат при извршување на работата;

- *времетраење на работата и зачестеност во определени периоди.*

### *4.3. Податоци за штетните влијанија врз здравјето и работната способност*

Согласно член 7 од Правилникот, податоците за штетните влијанија на работа, содржат податоци за опасностите при работа, штетностите, физичките и динамичките напори, физичките статички напори, физичките оптоварувања, заради употреба на лични заштитни средства, оптоварување на сетилата и психофизичкиот напор на работното место.

Податоците за фактичката состојба на загрозеноста на конкретното работно место, се изразува преку ***следните показатели:***

***а) Макро и микроклиматските услови на работната средина*** *(температурата на воздухот, релативната влажност на воздухот, брзината на струење на воздухот и ефективната температура на воздухот);*

***б) Физичките штетности*** *(изложеност на бучава, осветленост, вибрации, зрачења, висока или ниска температура, присутност на матерои под притисок);*

***в) Хемиските штетности*** (*вдишување односно продирање во телото преку кожата (отровни, канцерогени, мутагени материи);*

***г) Биолошките штетности*** *(изложување на ризици од инфекции при манипулирање со биолошките фактори, изложеност на микроорганизми, присутност на алергии*).

**За секоја утврдена штетност или опасност, да се наведе:**

***а) Изворот на штетноста, односно опасноста*** *(со назначување на степеност на непосредниот контакт, во однос на работникот);*

***б) Интензитетот на штетностите, односно опасностите*** *(мерните вредности се споредуваат со МДК);*

***в) Експозицијата на работниците*** *на утврдените штетности или опасности во поглед на временското траење;*

***г) Последиците, односно видовите на заболувањата или оштетувањата на здравјето*** *и работната способност или ги предизвикуваат наведените штетности или опасности.*

***4.4. Опасности***

Согласно член 8 од Правилникот, опасностите при работа, се штетни влијанија на работата кои претставуваат состојба на загрозување, кои можат или не мора, да бидат извор на оштетувањето на здравјето со последица на професионалната или општа неспособност за работа, а нивното можно дејствување е моментално.

За секое работно место се наведуваат постојните опасности при извршувањето на работите, кои би можеле да бидат механичка опасност, падови при крај на работата, опасности од електрична струја, термички опасности, биолошки опасности и опасности од пожар и експлозија.

***За секоја од опасностите, која се сврстува во стручната документација се наведува:***

***а) Изворот на опасности*** *(машини или уред, постројки, рачни/механизирани алати, средство за превоз, работен простор, скеле, предмет на работа, работен материјал, енергент и друго);*

***б) Основните правила на заштита при работа*** кои се применти (*техничко-технолошки решенија*) и посебните правила на заштита при работа *(работа со посебни услови на работа, лични заштитни средства, оспособување за работа на сигурен начин, озрачување и друго);*

***в) Образложение на околностите*** заради кои не се применети основните и посебните правила за заштита при работа, кои со прописи се задолжителни.

***Како позначајни опасности при работа, кои треба да се наведат во документацијата, спаѓаат:***

- **Напори на работа;**
- **Физички напори;**
- **Физичко динамички напори;**
- **Физичко статички напори;**
- **Физички оптоварувања, заради употреба на лични заштитнио средства;**
- **Оптоварувања на сетила;**
- **Психофизиолошки напори;**
- **Докази за причините, поради кои на работното место не може да се спроведе успешна заштита.**

- **1. Напори на работа**

Во документацијата треба да се наведат напорите за кои се оценува дека можат да предизвикаат намалување или загубување на работната способност, кои можат да бидат телесни динамички напори, телесни статички напори, телесни оптоварувања заради употреба на лични заштитни средства, оптоварување на сетилата и психофизички напори.

- **2. Физички напори**

Физичките напори се група на штетни влијанија на работа, кои заради извршување на работите со зголемена сила *(динамички напори)* или заради работа со присилена или нефизиолошка положба на телото, односно од таквата положба (*статички напор*), можат со подолго дејствување да предизвикаат оштетување со последица од настанување на намалување или загубување на работната спсобност.

- **3. Физички и динамички напори**

Изворот на физичките динамични напори, може да бидат активности на ракување со предметите, активности на управување и активности при движење на работењето.

***Во стручната документација за физичките динамични напори се наведуваат:***

***а) Физичките активности со кои се остваруваат работите на работното место*** *(ракување со предметите со наведување на поединечните тежини на предметите кои вработениот ги подига, преместува, спушта во една работна операција и вкупната количина на работните операции и вкупната тежина на предметите/товарот во една смена)*;

***б) Движења при работа*** (*качување/симнување, лазење, притискање, влечење, скокнување/одскокнување, одење, трчање и др*), со означување на времето на оделна активност и движење, односно зачестеност во една работна смена;

***в) Повторувачки движења*** (*на рацете/нозете)* со означување на зачестеноста на тие движења во единица време, вкупно непрекинато траење на тие движења во една работна смена.

➢ **4. Физички статички напори**

За физичките статички напори во стручната документација, се наведува положбата на телото при работата, за секоја работа.

Извор на статистички физички напори, можат да бидат положбите на телото при работа: седење ***(присилно нефизиолошко)***, стоење со минимални можности за промена на положбата, наклонета и длабоко наклонета стоечка положба, потреба на работата со одржување на рамнотежата и друго.

За секоја наведена положба на телото, што е извор на статичкиот напор, да се наведе непрекинато траење на работата во соодветна положба на телото, а ако положбата на телото се менува, се наведува зачестеното и пооделно трае-ње на односната положба на телото

Ако работите кои бараат работа, што може да биде извор на статички напори не се секојдневни, задолжително се наведува зачестеноста и траењето за определен период.

➢ **5. Физички оптоварувања заради употреба на лични заштитни средства**

Согласно член 13 од Правилникот во документацијата се наведува видот на личните заштитни средства *(за заштита на органите за дишење, главата, телото, екстремитетите и друго)*, кои се користат при извршување на работите од член 7 на правилникот, со назнака на времето во кое врабо-тениот ги врши под оптоварување на еден или повеке лични заштитни средства истовремено.

➢ **6. Оптоварување на сетила**

Во документацијата се наведуваат изворите и видовите на раздразнувачките причинители, траењето, односно зачестеноста на активностите, кои се засноваат на тие раздразнувачки информации за работите, како што е оптоварување на слухот, видот и другите сетила.

➢ **7. Психофизиолошки напори**

За психофизиолошките напори во стручната документација, се наведуваат причинителите, од кои е изворот:

***а) Вид на работата*** на која вработениот му поставува зголемени барања, зголемен број на информации, кои вработениот мора да ги елаборира, со цел за примена на исправно работење, одржување на високо ниво на перцептивни, емоционални, психосензори, менталните и психомоторните функции *(ноќно работење и работа во услови на опто-варувања);*

***б) Технолошки наменет ритам на работа,*** неуедначен ритам на работа, технолошки наметната брзина на работата;

***в) Неопходни комуникации*** при извршувањето на работите на работното место;

***г) Условите под кои се извршува работата,*** бучавата на која ја попречува дејноста, бучава која го спречува неопходното говорно разбирање, климатски услови на намалување на видливоста, лошо осветлување и друго**;**

***д) Распоред на работата*** која го нарушува природниот биолошки ритам и го отежнува остварувањето на примарните физиолошки и социјални потреби, технолошки услови за невозможна пауза во текот на работењето, нередовна исхрана и спиење**;**

***ѓ) Ризик за настапување на извонредни случувања*** во текот на работата, кои можат да бидат извор на состојбите за страдање на самиот вработен, на останатите вработени, корисниците на услуги, настанување на значителни материјални штети.

- **8.** ***Докази за причините, поради кои на работното место не може да се спроведе успешна заштита.***

***Стручната документација кон барањето*** за признавање стаж на осигурување, што се смета со зголемено траење, неопходно е да содржи докази за предвремени општи и посебни мерки за заштита при работа на работните места опфатени со барањето, како и докази за преземените мерки за отстранување, односно ублажување на штетните влијанија на тие работни места.

При изнесување на доказите, да се наведат доказите за спроведување и неспроведените **заштитни мерки:**

- **Техничко-технолошки;**
- **Хигиено-санитарни;**
- **Здравствени (медицинско-психолошки);**
- **Организациски;**
- **други заштитни мерки.**

При определување на причините кои и покрај предвидените и преземените заштитни мерки во работната средина се присутни одредени штетности и опасности, што го загрозуваат здравјето и работната спсобност на извршителите, да се наведат причините кои доведуваат до ваквата состојба, односно да се даде коментар за изворот на оваа состојба.

### *4.5. Податоци за последиците од специфичноста на работните услови, врз животот и работната способност на работниците*

Согласно член 17 од Правилникот, последиците на штетните влијанија на работата, се даваат за оштетување на здравјето на секое од работните места, кои се можните последици од влијанието на пооделните опасности, штетности и напори, односно можните последици на кумулативните и/или синергичните влијанија на повеќето штетни влијанија на работата.

***Во документацијата се даваат податоците за:***

- **Повреда на работа,**
- **Оштетување на здравјето што предизвикале привремена спреченост за работа** *(боледување),*
- **Професионални болест***,*
- **Причини за намалена, односно загубената работна способност** *(инвалидност) и*
- **Професионални заболувања.**

Професионалните заболувања, се регистрираат врз основа на системски извршената здравствена контрола кај работодавецот, односно врз основа на периодичните здравствени прегледи, како и врз основа на индивидуалните прегледи.

Во документацијата за определен период (до 10 години), се прикажуваат податоците за бројот на професионалните болести, согласно Меѓународната класификација на болести.

Приказот на податоците за професионалните болести, се дава во однос на староста и работниот стаж.

➢ **2. Повреди на работа**

Во документацијата треба да биде даден приказ на повредите на работа, кои им се случиле на вработените на работното место од член 7 од правилникот за соодветен период ***(до 5 години).***

Во приказот на повредите, задолжително се наведува работата кај која е настаната повредата, изворот на повредата, начинот на настанувањето на повредата, повредениот дел на телото и природата на повредата.

➢ **3. Привремена спреченост**

Во документацијата за период до 5 години, треба за секоја година на периодот на посматрање, посебно да се обработи и прикаже бројот на вработените, кои заради оштетување на здравјето, кое е во врска со штетните влијанија на работата, биле привремено спречени за работа.

Се прикажува бројот на привремената спреченост за работа, според видовите на оштетувањето на здравјето, кои се последица на штетните влијанија, на работата и тоа во однос на староста на животот и работниот стаж.

➢ **4. Загубена или намалена работна способност**

*Во* документацијата во период до 5 години, треба да се прикаже;

***а) Бројот на вработени***, нивната старост, вкупниот стаж и траењето на работното место, кои според прописите за пензиско и инвалидско осигурување стекнале права *(скратено работно време, распоредување односно вработување на друга соодветна работа, преквалификација или доква-лификација*);

***б) Бројот на вработени, нивната возраст***, вкупниот стаж и траењето на работата на работните места, кај кои настанале контраиндикации за продолжување на работата, утврдени со посебни прописи;

***в) Оштетувањата на здравјето,*** кои предизвикале намалена или загубена работна способност, опасност од настанување на инвалидност или настанување на контраиндикации кај вработениот од ставовите а) и б).

***Подносителот на барањето, може за податоците да ги користи изворите од периодите во кои податоците се презентирани.***

*Поднесува*чот на барањето, може во Стручната документација, да даде приказ на целното истражување на здравствената состојба и професионалната способност на вработениот, кој врши работи на работни места од член 7 на Правилникот, во однос на постојните штетни влијанија на работата.

Приказот на состојбата ***(бројот на вработените и видот на оштетувањата на здравјето)***, се даваат во однос на животната возраст и работниот стаж, за цели на загубена или намалена работна способност.

➢ **5. Податоците за здравствената состојба на работниците**

Податоците за оцената на здравствената состојба на работниците, кои работеле на такви работни места, да се дадат врз основа на резултатите од извршените превентивни прегледи.

Ако е потребно, за целосна слика на реалната здравствена состојба, да се дадат податоци од дополнителните испитувања на здравствената состојба на работниците, кои работат на тие работни места.

### *4.5. Основна содржина на стручна документација за утврдување на работните места, односно занимања на кои се извршуваат професионални дејности*

Согласно член 23 од Правилникот, со цел утврдување на работни места-занимања, на кои се извршуваат работи, кај кои векот на вршење на професионалната дејност е ограничен, со навршување на определени години на живот, стручната документација, мора да содржи:

а) ***Податоци за поднесувачот на барањето;***

б) ***Податоци за работните места на кои се извршуваат работите на занимањето, и тоа:***

- *Име на работното место и опис на работите од договорот за работа;*

- *Број и структура на вработените, распоредени на работното место (старост, работен стаж);*
- *Попис на работите со кои вработениот остварува професионална дејност;*
- *Детален опис на физичките и/или менталните активности на вработениот што ја врши професионалната дејност и физичката (психомоторна) и психофизичка функција, кои се во основа на тие активности.*

Во приказот на физичките и психофизичките функции, задолжително се наведуваат сознанија на медицинските и психолошките сознанија за опаѓањето на тие функции во текот на животниот век и за критичниот век, во кој настапува неможност за извршување на работите.

### *4.6. Предлог на степенот на зголемување на стажот на осигурување со зголемено траење, со образложение*

Согласно член 24 од Правилникот, подносителот на барањето во завршниот дел на Стручната документација, дава предлог за степенот на зголемување на стажот на осигурување со зголемено траење, со кусо образложение.

За податоците, кои според оваа методологија мора да бидат наведени во Стручната документација за работното место, за кое се поднесува барање, треба да бидат назначени изворите од кои податоците се прибавуваат, односно постапка (метод) со кој е утврдена фактичката состојба.

## *5. ПРЕСМЕТКА НА ПРИДОНЕСИТЕ ЗА КОИ СТАЖОТ НА ОСИГУРУВАЊЕ СЕ СМЕТА СО ЗГОЛЕМЕНО ТРАЕЊЕ*

Согласно член 5 од Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување (***во продолжение Законот за придонеси***), **во задолжително социјално осигурување спаѓа и придонесот за стаж на осигурување, кој се смета со зголемено траење.**

Обврзник за плаќање на придонесот за пензиско и инвалидско осигурување, за стаж на осигурување што се смета со зголемено траење, е работодавачот за своите врабо-тени на кои стажот на осигурување им се смета со зголемено траење.

Стапките по кои се пресметува и плаќа придонесот за ПИО за стажот на осигурување, што се смета со зголемено траење, ***за 2025 година, се следните:***

- **9,4%** за вршење на работи и задачи на кои ефективно поминати 12 месеци се сметаат во стаж на осигу-рување, **како 18 месеци**;
- **7,83%** за вршење на работи и задачи на кои ефективно поминати 12 месеци, се сметаат во стаж на осигурување, **како 17 месеци;**
- **6,27%** за вршење на работи и задачи на кои ефективно поминати 12 месеци, се сметаат во стаж на осигурување, **како 16 месеци**;
- **4**,7% за вршење на работи и задачи на кои ефективно поминати 12 месеци, се сметаат во стаж на осигурување, како 15 месеци;
- **3,13% за вршење на работи и задачи на кои ефективно поминати 12 месеци, се сметаат во стаж на осигурување, како 14 месеци;**
- **1,57%** за вршење на работи и задачи на кои ефективно поминати 12 месеци, се сметаат во стаж на осигурување, **како 13 месеци;**

### *5.1. Пресметка на придонеси за бенифициран стаж*

Работникот "НН" има склучено договор за работа со работодавачот, со утврдена бруто плата, ***во висина од 60.000,00 денари***. За работното место на работникот возач на товарно моторно возило, со носивост од 7 и повеќе тони. Согласно Правилникот за утврдување на работни места на кои стажот на осигурување се смета со зголемено траење за ова работно место за ***поминати 12 месеци, ќе се сметаат, како стаж на осигурување од 14 месеци.***

***Пропишаната стапка за доплинителен придонес за ПИО за ова работно место изнесува: 3,13%.***

***Пресметка на придонеси и данок на доход за вршење на работи и задачи на кои ефективно поминати 12 месеци, се сметаат во стаж на осигурување како 14 месеци:***

| | |
|---|---|
| 1. Бруто плата | 60.000,00 |
| 2. Придонес за задолжително ПИО (1 x 18,8%) | 11.280,00 |
| 3. Придонес за задол. здрав. осиг. (1 x 7,5%) | 4.500,00 |
| 4. Придонес за проф. забол. (1 x 0,5%) | 300,00 |
| 5. Придонес за вработување (1 x 1,2%) | 720,00 |
| **6. Вкупно придонеси (2+3+4+5)** | **16.800,00** |
| 7. Бруто плата намалена за придонеси (1 – 6) | 43.200,00 |
| 8. Даночно намалување за 2025 | 10.270,00 |
| **9. Основа за Данок на доход (7 – 8)** | **32.930,00** |
| 10. Данок на доход (9 x 10%) | 3.293,00 |
| 11. Нето плата за работникот (1 – 6 – 10) | 39.907,00 |
| **Дополнителен придонес за стаж со зголемено траење (1 x 3,13)** | **1.878,00** |

**Вкупно ПИО: 13.158,00 = (11.280,00 + 1.878,00).**

**НАПОМЕНА: Пресметаниот придонес за ПИО за Бенифициран стаж, се уплатува на следната уплатна сметка:**

| Сметка | Уплатна сметка | Приходно конто |
|---|---|---|
| **843-00128** | **Придонес за стаж на осигурување што се смета со зголеменои траење** | **712111** |

***Книжење:***

| | | |
|---|---|---|
| 420 - Вкалкулирана бруто плата | 60.000,00 | |
| 240 – Обврски за плата | | 60.000,00 |
| ***- вкалкулирани бруто плати,*** | | |

| | | |
|---|---|---|
| 240 – Обврски за плата | 60.000,00 | |
| 2430 - Нето плата | | 39.952,00 |
| 2340 - Данок на доход | | 3.248,00 |
| 2343 - Придонес за задолжително ПИО | | 11.280,00 |
| 2344 - Придонес за здрав.осиг. | | 4.500,00 |
| 23441 - Придонес за допол. здравство | | 300,00 |
| 2345 - Придонес за вработување | | 720,00 |
| ***- за пресметана плата;*** | | |

| | | |
|---|---|---|
| 2430 - Нето плата | 39.952,00 | |
| 2340 - Данок на доход | 3.248,00 | |
| 2343 - Придонес за задол. ПИО | 11.280,00 | |
| 2344 - Придонес за здрав.осиг. | 4.500,00 | |
| 23441 - Придонес за допол.здравство | 300,00 | |
| 2345 - Придонес за вработување | 720,00 | |
| 1000 - Трансакциска смета | | 60.000,00 |

***- за исплатена плата и придонеси.***

## *6. ПОПОЛНУВАЊЕ НА МПИН ПРЕСМЕТКА ЗА БЕНИФИЦИРАН СТАЖ*

Во МПИН пресметката, работодавачот ги внесува сите вработени кои биле во редовен работен однос, во месецот за кој се подготвува пресметката.

Во истата МПИН пресметка, се внесуваат и сите вработени, кои остваруваат право за дополнителен придонес за ПИО, за бенифициран стаж.

***За вработените на кои им се исплатува бенифициран стаж, во МПИН пресметката СЕ ПОПОЛНУВААТ ДВА ПОЕДИНЕЧНИ РЕДА.***

**Во ПРВИОТ ред** се прикажуваат податоците од редовната плата, која работникот ја остварил со сите придонеси, данок на доход и нето плата.

**Во ВТОРИОТ ред** се прикажува само пресметката за придонесот за задолжително ПИО, што дополнително се доплаќа за придонесот за стаж на осигурување, што се смета со зголемено траење.

***Во вториот ред каде се пополнуваат*** шифрите за стаж на осигурување со зголемено траење, ***се пополнуваат и полињата 3.18; 3.19а; 3.20; 3.21 и 3.22.***

***Пополнувањето на МПИН Образецот во ПРВИОТ РЕД се врши на следниот начин:***

- **Во поле 3.0 до 3.4-ц** Податоци за осигуреникот
- **Во поле 3.5 -** Траење на стажот во денови **31**
- **Во поле 3.6 -** Ефективна работа /час **184**
- **Во поле 3.7 -** Износ на ефективна работа **39.907**
- **Во поле 3.14 -** Бруто плата **60.000**

- **Во поле 3.15 -** Придонес за ПИО **11.280**
- **Во поле 3.40 -** Придонес за здравство **4.500**
- **Во поле 3.42 –** Допол. Прид.за здр.осиг. **300**
- **Во поле 3.44 -** Придонес за вработување **720**
- **Во поле 3.46 –** Данок на доход **3.293**
- **Во поле 3.17 -** Шифра за стаж на осигурување **0050**
- **Во поле 3.13 -** Нето плата **39.907**
- **Во поле 3.31 -** Ефективна нето плата **39.907**
- **Во поле 3.32 -** Број на трансакциска сметка **0**

***Пополнувањето на МПИН Образецот во ВТОРИОТ РЕД за исто лице, се врши на следниот начин:***

- **Во поле 3.0 до 3.4-**ц Податоци за осигуреникот
- **Во поле 3.5 -** Траење на стажот во денови **0**
- **Во поле 3.6 -** Ефективна работа /час **0**
- **Во поле 3.7 -** Износ на ефективна работа **0**
- **Во поле 3.14 -** Бруто плата **0**
- **Во поле 3.15 -** Придонес за ПИО **0**
- **Во поле 3.40 -** Придонес за здравство **0**
- **Во поле 3.42 -** Доп. прид. за здра.осигур. **0**
- **Во поле 3.44 -** Придонес за вработување **0**
- **Во поле 3.46 -** Персонален данок **0**
- **Во поле 3.17 - Шифра за стаж на осигурување 8060**
- **Во поле 3.18 - Степен на зголемување за стаж со зголемено траење 3,13%**
- **Во поле 3.19-а -** Од ден **1**
- Во поле 3.19-б - До ден 31
- Во поле 3.20 - Вкупно денови 31
- **Во поле 3.13.-** Нето плата **39.907**
- **Во поле 3.31.-** Ефективна нето плата **39.907**
- **Во поле 3.21 -** Основица за стаж со згол. траење **60.000**
- **Во поле 3.30 -** Број на пријава/одјава
- **Во поле 3.22 -** Износ на придонес за стаж со зголемено траење **1.878**

***Во поле 3.17*** се пополнува шифра согласно Одлуката за утврдување единствен кодекс на шифри за внесување на податоци во матична евиденција ***(во примерот 8060).***

***Во поле 3.18*** се пополнува соодветна шифра за стажот на осигурување кое се смета со зголемено траење, само за вработените кои работат на работни места на кои стажот на осигурување им се смета со зголемено траење ***(во нашиот пример 3,13%).***

***Во поле 3.19а*** се пополнува датумот во месецот кој се смета за почеток на осигурување со зголемено траење ***(во примерот 1).***

***Во поле 3.19б*** се пополнува датумот во месецот кој се смета за престанок на периодот на осигурување со зголемено траење ***(во примерот 31).***

***Во поле 3.20*** се пополнува бројот на денови на стажот на осигурување, што се смета со зголемено траење ***(во примерот 314).***

***Во поле 3.21*** се пополнува бруто основица (плата) за периодот од полињата 3.19а и 3.19б ***(во примерот 60.000).***

***Во поле 3.22*** се пополнува придонесот за стаж со зголемено траење 3.21 помножено со соодветна стапка на придонес, соодветно за секој период ***(во примерот 60.000 x 3,13% = 1.887).***

***Во поле 22б*** се пополнува доплатата на придонес до најниска основица за стаж со зголемено траење, бенифициран стаж **(во примерот не се пополнува).**

# ПРИДОНЕСИ

*дипл.економист: Марика Лекоска*

## ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ПЛАЌАЊЕ НА ПРИДОНЕСИ ЗА ЛИЦА ВРАБОТЕНИ КАКО ЗАМЕНА НА РАБОТНИК, КОЈ КОРИСТИ ПОРОДИЛНО ОТСУСТВО

***Поволностите што ги добиваат работодавачите при вработување на нови работници, се регулирани согласно со Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност („Службен весник на РМ" 37/97...113/18) и („Службен весник на РСМ" (124/19, 103/21, 274/22).***

### ВОВЕД

Интересот во поглед на субвенциите, ослободувањата од јавни давачки или нивно намалување, отсекогаш предизвикувале зголемен интерес кај правните и физичките лица. Интересот е најзначаен во делот на надоместоците за вработените, од причини што тие вообичаено се поголем износ од вкупните расходи на правните лица, без оглед дали се од профитабилен или непрофитабилен карактер.

Со Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност, се уредуваат прашањата за размена на трудот, правата и обврските на работодавачите, невработените лица, други лица кои бараат работа и државата, во врска со вработувањето и осигурувањето во случај на невработеност. Со Законот се опфатени и други прашања од значење за вработувањето, во кое спаѓа и прашањето за ослободување од персонален данок на доход и придонеси за нововработени лица по разни старосни категории, субвенционирање на работодавачот за вработување на невработено лице корисник на социјална парична помош и за работодавец кој започнува со вршење на дејност, како трговец поединец.

## *1. УСЛОВ ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ПЛАЌАЊЕ НА ПРИДОНЕСИ ОД ЗАДОЛЖИТЕЛНО СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ ЗА ЛИЦА ВРАБОТЕНИ КАКО ЗАМЕНА НА РАБОТНИК КОЈ КОРИСТИ ПОРОДИЛНО ОТСУСТВО*

Согласно член 98-з од Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност ***(во продолжение Законот)***, предвидена е дополнителна мерка за ослободување од плаќање на придонеси, за работодавачи од приватниот сектор, кои по претходно поднесено барање до Агенцијата за вработување, се ослободуваат од плаќање на социјални придонеси, за лице кое ќе го вработат како замена за работник, кој користи породилно отсуство од работа, за периодот додека трае породилното отсуство.

За користење на мерката за ослободување, потребно е да се исполнат одредени услови пропишани со Законот, бидејќи во спротивно работодавачот ќе го изгуби правото на ослободување и ќе биде должен да ги плати придонесите за кои користел ослободување од плаќање, а постапката за наплата ја спроведува Управата за јавни приходи.

Еден од условите за користење на оваа мерка од страна на работодавачот од приватниот сектор е дека **не смее да има неисплатени плати, придонеси од задолжително социјално осигурување и даноци повеќе од два последователни месеци**, што се докажува со потврда издадена од Управата за јавни приходи, по претходно поднесено **Барање за издавање уверение за состојба на даноци, придонеси и други јавни приходи и давачки на (Образец Б/УПД).**

## *2. ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ПЛАЌАЊЕ НА ПРИДОНЕСИ ОД ЗАДОЛЖИТЕЛНО СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ*

Работодавачот ќе биде ослободен од плаќање на придонеси, за лице кое ќе го вработи **како замена** за работник, кој користи породилно отсуство од работа, за периодот **додека трае породилното отсуство.**

**Работникот, за кој се користи ослободување, треба да:**

- **работи на истото работно место на кое работел работникот, кој користи породилно отсуство, и**
- **да му се исплаќа иста нето-плата.**

Работодавачот е должен по истекот на породилното отсуство на работникот и негово враќање на работа, **да го задржи истиот на работа, уште најмалку за истиот период за којшто користел ослободување** од плаќање придонеси од задолжително социјално осигурување, **освен во случај кога работникот со изјава заверена на нотар, ќе изјави дека не сака да се врати на работното место.**

> **НАПОМЕНА: Ослободувањето од плаќање на придонеси, се однесува и за самовработено лице кое ќе вработи лице како замена за работник, кој користи породилно отсуство од работа*.***

### *3. ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ПРАВОТО ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ПЛАЌАЊЕ ПРИДОНЕСИ*

Согласно член 38-ѕ од Законот, правото на ослободување од плаќање на придонеси **престанува,** доколку лицето за кое се користи ослободување од плаќање на придонеси, **не работи на истото работно место на кое работел работникот, кој користи породилно отсуство и не му се исплатува иста нето-плата.**

Во овој случај, работодавачот е должен **да го врати износот на средства, за кој бил ослободен од плаќање за изминатиот период.**

Работодавачот кој нема да го задржи работникот по истекот на неговото породилно отсуство и неговото враќање на работа за уште најмалку истиот период за којшто бил ослободен од плаќање придонеси од задолжително социјално осигурување согласно мерката, **е должен во рок од 30 дена** да **уплати два пати поголем износ од износот на средства за кој бил ослободен од плаќање за изминатиот период.**

Користењето на мерката ќе престане доколку работодавачот кој по вработувањето на лице, како замена за работник кој користи породилно отсуство од работа, за периодот додека трае породилното отсуство, има долг по основ на неисплатена плата, придонеси од задолжително социјално осигурување и даноци за два последователни месеци и истиот е должен да го уплати износот на средства, за кој бил ослободен од плаќање за изминатиот период.

### *4. НАЧИН НА ПОПОЛНУВАЊЕ НА МПИН ПРИЈАВА*

За користење на ослободувањето од плаќање на придонесите од задолжително социјално осигурување **во полето 3.23 – „Ознака на надлежен орган-обврзник за пресметка и уплата“ на клиентскиот софтвер**, потребно да се внесе една од наведените шифри, во зависност од категоријата, во која припаѓа лицето:

| Шифра во поле 3.23 | Опис |
|---|---|
| 306 | **Замена за работник кој користи породилно отсуство до 270 дена;** |
| 307 | **Замена за работник кој користи породилно отсуство до 450 дена.** |

Согласно член 51 од Законот за работните односи "Службен весник на РМ", 62/05...120/18 и "Службен весник на РСМ", 110/19...111/23; 39/25; 74/25, работничка за време на бременост, раѓање и родителство, ***има право на платено отсуство од работа во траење од девет месеци (270 дена***) непрекинато, **а доколку роди повеќе *деца одеднаш (близнаци, тројка и повеќе) 15 месеци (450 дена).***

**НАПОМЕНА: Останатите полиња во МПИН пресметката, се пополнуваат на вообичаениот начин.**

#### *4.1. Приказ на ослободувањето во Декларацијата за прием*

Износот на ослободувањето од плаќање на придонесите и/или ПДД се прикажува во Декларацијата за прием **во делот „Рефундирање на придонеси и ПД“** и тоа во секоја колона поединечно, по вид на придонес и персонален данок на доход.

Збирниот износ од делот „Рефундирање на придонеси и ПД“ го намалува пресметаниот износ за плаќање во полето **„Вкупен износ на социјални придонеси и персонален данок“.**

Износот на ослободувањето од плаќање на придонесите се прикажува во Декларацијата за прием во делот „Рефундирање на придонеси и ПД“ и тоа во секоја колона поединечно по вид на придонес.

Збирниот износ од делот „Рефундирање на придонеси и ПД“ го намалува пресметаниот износ за плаќање во полето ***„Вкупен износ на социјални придонеси и данок на доход“.***

### *4.2. Практичен пример за пополнување на МПИН пријавата*

***ПРИМЕР*** Друштвото “Хоризонт” ДООЕЛ од Скопје, во месец Март/2025 година, вработува лице на местото на работник кој заминал на породилно отсуство во траење од 9 месеци. По претходно поднесено барање до Агенцијата за вработување и исполнување на условите согласно Законот, за ова лице е добиено решение за ослободување од плаќање на придонеси согласно член 98-з од Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност.

На работникот му е определена нето плата **во износ од 35.000 денари,** колку што изнесувала и платата на работникот кој заминал на породилно отсуство.

### *4.3. Пополнување на МПИН пријава*

Во МПИН пријавата за пресметка и уплата на придонесите за волонтерите, се пополнува на следниот начин:

**Поле 3.0. до Поле 3.4. се пополнуваат општи податоци на осигуреникот;**

| | |
|---|---|
| **Поле 3.5** – Стаж во денови | **31** |
| **Поле 3.6** – Ефективна работа - часови | **168** |
| **Поле 3.7** – Износ на ефективна работа | **37.000** |
| **Поле 3.14** – Бруто плата вкупен износ | **55.513** |
| **Поле 3.15** – Придонес за ПИО | **10.436** |
| **Поле 3.16** – Доплата за придонес за ПИО | **/** |
| **Поле 3.40** – Придонес за здравство | **4.164** |

| | |
|---|---|
| **Поле 3.41** – Доплата на придонес за здравствено осигурување | **/** |
| **Поле 3.42** – Придонес за допол.здрав.осиг. | **278** |
| **Поле 3.43** – Доплата на прид. за допол. здравство | **/** |
| **Поле 3.44** – Придонес за вработување | **666** |
| **Поле 3.45** – Доплата на придонес за вработување | **/** |
| **Поле 3.46** – Данок на личен доход | **2.970** |
| **Поле 3.17** – Шифра за вид на стаж на осигурување | **0050** |
| **Поле 3.23** – Ознака на надлежен орган обврзник за пресметка и уплата на придонес | **306** |
| **Поле 3.13** – Нето плата | **37.000** |
| **Поле 3.31** – Ефективна нето плата | **37.000** |

### *4.4. Поднесување на Барање (ОБРАЗЕЦ "Б/УПД" за издавање на уверение за состојба на даноци, придонеси и други јавни давачки*

За издавање на **УВЕРЕНИЕ,** работодавачот од приватниот сектор, треба да достави Барање за издавање на уверение за состојба на даноци, придонеси и други јавни приходи и давачки на (***Образецот Б/УПД*), кое може да се преземе преку веб страницата на УЈП (види: http://www.ujp.gov.mk/s/obrasci/pogledni/290).

Пополнетото барање на **Образецот (Б/УПД) во хартиена форма,** се поднесува до надлежната даночна канцеларија на УЈП, според местото на седиштето на барателот - работода-вач од приватниот сектор.

**Барањето (Б/УПД)** може да се поднесе **и по електронски пат** преку системот е-Даноци htt.p://etax.u-jp.gov.mk, доколку барателот е регистриран корисник.

> ***НАПОМЕНА*: При пополнување на барањето (Б/УПД, во полето "ОСНОВ ЗА КОЈ СЕ БАРА ИЗДАВАЊЕ НА УВЕРЕНИЕ" задолжително да се внесе основот кој треба да гласи: „За ослободување од плаќање придонеси за задолжително социјално осигурување согласно член 98-з (замена за породилно отсуство) од Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност".**

# БАРАЊЕ
## за издавање на уверение за состојба на даноци, придонеси и други јавни приходи и давачки

**Б/УПД**

** Пополнува Управа за јавни приходи*

☐ Тековна состојба

☐ Состојба за период ____________

| Датум и број на прием | |
|---|---|

## ПОДАТОЦИ ЗА ДАНОЧЕН ОБВРЗНИК

Исправка ☐ Број ____________

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Даночен идентификационен број | | | | |
| **Назив / Име и презиме** | | | | |
| Седиште / Живеалиште | Улица и број | | | |
| | Населено место | | Општина | |
| | Држава | | | |
| Контакт | е-пошта | | Телефон | |

## ПОДАТОЦИ ЗА ОСНОВ ЗА КОЈ СЕ БАРА ИЗДАВАЊЕ НА УВЕРЕНИЕ

☐ Промена на презиме
☐ Добивање на виза за патување
☐ Отпуст на државјанство
☐ Имотен лист
☐ Физичка делба на имот
☐ Заверка на купопродажен договор
☐ Пензија (регулирање на стаж на земјоделец или самостоен вршител дејност пред ФПИОСМ)
☐ Користење на кредит
☐ За ревизија
☐ За пред суд
☐ За пред нотар
☐ За пред банка
☐ За пред Народна банка на РСМ
☐ Пренос на удел (за пред ЦРРСМ)
☐ Бришење на друштво по пат на ликвидација (за пред ЦРРСМ)
☐ Учество на тендер
☐ Учество на лицитација
☐ Учество на конкурс за добивање простор за закуп
☐ Добивање на дозвола за привремен увоз
☐ Добивање на концесија
☐ Добивање на лиценца
☐ Одобрување на програма за курсисти (кај текстилците)
☐ Доделување на земјоделско земјиште
☐ Користење на средства од ИПА РД Инструментот на ЕУ
☐ За пред соодветно министерство
☐ Друго ____________

## АДМИНИСТРАТИВНА ТАКСА

Износ ____________

Начин на плаќање
☐ Преку образец "ПП50"
** задолжително приложете го налогот "ПП50" за извршено плаќање на административна такса*
☐ Преку системот eNAPSYS. Внесете го трансакцискиот код: ____________
** за добивање на трансакциски код пратете СМС порака на бројот 144 166 со текст: TM Ime Prezime Iznos*

☐ Ослободен од плаќање на административна такса согласно член ____________ од Законот за административните такси

## ПРИЛОГ

☐ Доказ за извршено плаќање на административна такса (образец "ПП50")
☐ Доказ за законски застапник или Овластување (полномошно) во име и за сметка на даночниот обврзник да се преземаат дејствија во даночната постапка
☐ Друго ____________

## ПОДАТОЦИ ЗА ПОТПИСНИК

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Назив / Име и презиме** | | | |
| Даночен идентификационен број | | Датум | |
| Својство | | Потпис | |
| Контакт | е-пошта | Телефон | |

** Пополнува Управа за јавни приходи*

| Податоци за обработката | |
|---|---|

1/2

# ПРАВО И ЛЕГИСЛАТИВА

*дипл.правник: Елена Јандриоска*

## *ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ НА УО И НО И ОСТАНАТИ ИЗМЕНИ КАЈ ЗАКОН ЗА ТРГОВСКИ ДРУШТВА*

***Последните измени кај ЗТД се извршени во насока на допрецизирање на условите за членување во УО и НО кај трговските друштва, како АД или ДОО во целосна или доминантна сопственост на државата и квалификациите за познавање на странски јазик.***

### *ВОВЕД*

Измените извршени во Законот за трговските друштва ("Службен весник на РСМ 272/24"), имаат за цел усогласување на одредбите од ЗТД, со реалните потреби во поглед на ефикасноста и ефективноста на органите на управување и надзор.

Одредбите кои се однесуваат на условите и критериумите за избор на управни и надзорни органи се однесуваат за трговски друштва (АД и ДОО), во мнозинска или доминантна сопственост на државата.

Предмет на уредување на Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија" 28/2004, 84/2005... 239/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" 290/20...272/24), меѓу останатото, се и условите за избор и именување на членовите во органи на управување и надзорни одбори во друштва со ограничена одговорност и акционерски друштва, бројот на членови во органи на управување и надзорни одбори, како и начинот на утврдување и висина на нивниот надоместок.

## *1. ИЗМЕНА НА КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР НА УПРАВНИ И НАДЗОРНИ ТЕЛА*

Со новите измени на Законот за трговски друштва, за државните компании, се воведуваат нови правила за именување независни неизвршни членови во одбор на директори, односно независни членови во надзорен одбор, а тоа се со цел воведување посебни услови, со кои се прецизира потребното работно искуство за избор и именување независни неизвршни членови во одбор на директори, односно независни членови во надзорен одбор во друштва со ограничена одговорност и акционерски друштва, во целосна и доминантна државна сопственост.

За избор и именување независен неизвршен член во одбор на директори, односно независен член во надзорен одбор, кандидатот е потребно да има минимум четири години работно искуство и тоа конкретно во областа финансиско работење и обласста правни работи.

На овој начин, со последните измени на Законот се очекува да се создаде соодветна правна рамка за регулирање на критериумите за избор на независните неизвршни членови. Изборот на членовите во одборот на директори и независните членови во надзорни одбори во акционерските друштва, со доминантна државна сопственост е во насока обезбедување и подобрување на квалитетно и ефикасно управување. Со тоа се очекува да се придонесе за подигнување на стручноста и професионалноста при управувањето и надзорот врз работењето и управувањето на овие друштва.

Воедно, со регулирањето на висината на надоместокот на членовите во надзорните органи, како и со оптимизирање на бројот на членови во надзорни и управни одбори, се очекува да се постигне поголема рационализација и редуцирање на трошоците за работа на овие органи. Наведената рационализација индиректно би можела да има позитивен ефект и на крајниот финансиски резултат, кај друштвата во државна сопственост, преку подигнувањето на перформансите на друштвата со помал одлив на ресурси.

### *2.1. Француски и германски на исто ниво со англиски*

Со членот 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва, се менува одредбата од членот 231, во кој се предвидени условите кои треба да бидат исполнети од страна на управителите во друштво со ограничена одговорност во целосна или во доминантна сопственост на државата.

Условот за познавање англиски јазик, се проширува на познавање на еден од трите најчесто користени странски јазици (англиски, француски или германски), при што лицето кое што треба да биде избрано за управител, треба да поседува доказ за познавање на еден од овие јазици.

Поранешната одредба од ЗТД, регулираше и опфаќаше познавање на англискиот јазик, како основен услов за избор и номинирање на членови во телата на управување и надзор.

За управител на друштвото со доминантна или во целосна сопственост на државата, може да биде избрано лице кое ги исполнува следните услови:

1) е државјанин на Република Македонија;

2) има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование;

3) во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност;

4) има минимум пет години работно искуство;

5) поседува сертификат или уверение или друг документ со кој се потврдува познавањето на еден од трите најчесто користени странски јазици (англиски, француски или германски).

### *2.2. Определување на MAX број на членови на УО и НО*

Со измените од членот 7 се предвидува оптимизација на бројот на членови во управен одбор во акционерските друштвата во државна сопственост, во зависност од нивната класификација како микро, мал, среден или голем трговец.

Со измените од членот 8 се предвидува оптимизација на бројот на членови во надзорен одбор во акционерските друштвата во државна сопственост, во зависност од нивната класификација како микро, мал, среден или голем трговец.

**Надзорниот одбор** во друштво со доминантна или во целосна сопственост на државата, класифицирано како **среден** трговец или **голем** трговец, може да има најмалку три, а најмногу пет членови.

**Надзорниот одбор** во друштво со доминантна или во целосна сопственост на државата, класифицирано како **микро-трговец** или **мал** трговец има **три членови**.

**Одборот на директори** во друштво со доминантна или во целосна сопственост на државата, класифицирано како **среден** или **голем** трговец, може да има најмалку три, а најмногу седум членови од кои **двајца** се **независни** членови.

**Одборот на директори** во друштво со доминантна или во целосна сопственост на државата, класифицирано како **микро** или **мал** трговец, може да има најмалку **три**, а најмногу **пет** членови од кој еден е независен член.

**Управниот одбор** во друштво со доминантна или во целосна сопственост на државата, класифицирано како **среден** или **голем** трговец, може да има најмалку **три**, а најмногу **седум** членови.

**Управниот одбор** во друштво со доминантна или во целосна сопственост на државата, класифицирано како **микро** или **мал** трговец, може да има најмалку **три**, а најмногу **пет** членови.

**Надзорниот одбор** во друштво со доминантна или во целосна сопственост на државата, класифицирано како **среден** или **голем** трговец, може да има најмалку **три**, а најмногу **седум** членови од кои **двајца се независни членови**.

Надзорниот одбор во друштво со доминантна или во целосна сопственост на државата, класифицирано како микро или мал трговец, може да има најмалку три, а најмногу пет членови од кој **еден е независен член**.

Оптимизација на бројот на членови во надзорните одбори во друштвата во ограничена  одговорност во државна сопственост, во зависност од нивната класификација како микро, мал, среден или голем трговец, е проследена со max на висина на надоместокот.

### *2.3. Висина на надоместоци за членови на УО и НО*

Со членот 4 од Законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва се предвидува воедначување и ограничување на висината на надоместокот на неизвршните

членови и на членовите во надзорните одбори во друштвата во државна сопственост, во износ од една третина од просечната нето плата исплатена во Република Северна Македонија за претходната година.

Собранието со одлука го определува месечниот паушал или паушалот по состанок на неизвршните членови на одборот на директорите, односно на членовите на надзорниот одбор. Неизвршните членови на одборот на директорите, односно членовите на надзорниот одбор имаат право и на надомест на сите други трошоци (патни и други трошоци), право на осигурување на живот и на друг вид осигурување, како и други права што се поврзани со вршењето на нивната функција (користење работни простории, потребни средства за работа и друго).

Согласно одредбите од новоизменетиот член 365 со ставот 2 се предвидува неизвршните членови на одборот на директори, односно на членовите на надзорниот одбор на акционерско друштво со доминантна или во целосна сопственост на државата, односно на членовите на надзорниот одбор во друштво со ограничена одговорност со доминантна или во целосна сопственост на државата, имаат право на надоместок само во форма на месечен паушал кој изнесува **една четвртина** од просечната нето-плата исплатена во Република Северна Македонија за претходната година.

### *3. КВАЛИФИКАЦИИ ЗА ИЗБОРИ НА ЧЛЕНОВИ НА УО И НО*

Со измените се интервенира во членот 367-а, во кој се регулирани условите за избор на членови во одбор на директори во акционерско друштво во целосна или доминантна сопственост на државата, така што се додаваат нови одредби со кои се прецизіраат условите за избор независен неизвршен член во одборот на директори, на начин што се предвидува услов од минимум четири години работно искуство, и тоа во областа на финансиското работење и во областа на правните работи.

Одборот на директори има најмалку три, а најмногу 15 члена.

Собранието ги избира членовите на одборот на директори.

При изборот на членовите на одборот на директори се назначува кои членови се избираат како независни членови на одборот на директори. Независните членови на одборот на директори се избираат од редот на неизвршните членови на одборот на директори.

Од членовите избрани во одборот на директори, одборот на директорите назначува еден или повеќе извршни членови на одборот на директори (во натамошниот текст: извршни членови). За извршен член на одборот на директори не може да биде избран член на одборот на директорите кој е избран како независен член на одборот на директори. Бројот на извршните членови мора да биде помал од бројот на неизвршните членови на одборот на директори (во натамошниот текст: неизвршни членови).

Ако одборот на директори има до четири неизвршни члена, најмалку еден од неизвршните членови на одборот на директорите е независен член. Ако одборот на директори има повеќе од четири неизвршни члена, најмалку една четвртина од неизвршните членови се независни членови на одборот на директори.

Одборот на директори во друштво со доминантна или во целосна сопственост на државата, класифицирано како среден или голем трговец, може да има најмалку три, а најмногу седум членови од кои двајца се независни членови.

Одборот на директори во друштво со доминантна или во целосна сопственост на државата, класифицирано како микро или мал трговец, може да има најмалку три, а најмногу пет членови од кој еден е независен член.

За независен неизвршен член на одборот на директори во друштво со доминантна или во целосна сопственост на државата може да биде избрано лице кое ги исполнува следниве услови:

1) да е државјанин на Република Северна Македонија;

2) има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование;

3) во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна сакција забрана за вршење професија, дејност или должност и

4) има минимум четири години работно искуство.

Во друштво со доминантна или во целосна сопственост на државата треба да има:

- најмалку еден независен член со работно искуство од областа на финансиското работење или со работно искуство од областа на правните работи, доколку се работи за друштво класифицирано како микро или мал трговец или
- најмалку еден независен член со работно искуство од областа на финансиското работење и еден независен член со работно искуство од областа на правните работи, доколку се работи за друштво класифицирано како среден трговец или голем трговец.

За член на надзорен одбор во акционерско друштво со доминантна или во целосна сопственост на државата може да биде именувано лице кое ги исполнува следниве услови:

1) е државјанин на Република Македонија;

2) има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование; 3) во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност;

4) има минимум три години работно искуство.

За независен член на надзорен одбор во акционерско друштво со доминантна или во целосна сопственост на државата може да биде именувано лице кое покрај наведените услови од треба да има најмалку четири години работно искуство.

Во акционерското друштво со доминантна или во целосна сопственост на државата, треба да има:

- најмалку еден независен член со работно искуство од областа на финансиското работење или со работно искуство од областа на правните работи, доколку се работи за друштво класифицирано како микро или мал трговец или
- најмалку еден независен член со работно искуство од областа на финансиското работење и еден независен член со работно искуство од областа на правните работи, доколку се работи за друштво класифицирано како среден трговец или голем трговец.

***4. ПРЕОДНИ ОДРЕДБИ И ЗАПОЧНАТИ ПОСТАПКИ***

Со членот 11 од измените се предвидува започнатите постапки за избор на членови на одбор на директори, управител и надзорен одбор во АД и ДОО со доминантна или во целосна сопственост на државата, започнати до рокот наведен во членот 6 законот, да завршат согласно Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија“ 28/04 ...120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 290/20, 215/21 и 99/22).

Со членот 12 се предвидува управителот, членовите на одборот на директори, членовите на управен одбор и членовите на надзорниот одбор во акционерските друштва со доминантна или во целосна сопственост на државата и во друштво со ограничена одговорност со доминантна или во целосна сопственост на државата, кои се избрани односно именувани до денот на отпочнувањето на примената на законот, да продолжуват да ја вршат функцијата за која се избрани, односно именувани, до изборот, односно именувањето нов управител, нови членови на одборот на директори и нови членови на управниот односно надзорниот одбор.

Со членот 13 се предвидува одложена примена во рок од три месеци, од денот на влегување во сила на измените на Законот, освен одредбата која се однесува на познавање на англиски, германски или француски јазик, која отпочнува со примена од денот на влегување во сила на Законот.

Со новите измени на Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија“ 28/2004...239/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 290/20... 272/24) се зголемува нивото на стручност и компетентност на членовите во органи на надзор во друштвата во државна сопственост, а со тоа и подобрување на нивниот финансиски резултат, преку прецизирање на условите за избор на овие членови.

Најголеми се очекувањата во поглед на редуцирање на трошоците за работа во овие друштва, преку оптимизирање на бројот на членови во органи на управување и во надзорни одбори.

# ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ

дипл.економист: Марика Лекоска

## П Л А Т И
## ЗА МЕСЕЦ ЈАНУАРИ 2025 ГОДИНА

| | |
|---|---|
| *Просечна исплатена месечна БРУТО плата по вработен за 2025 година (за даноци и придонеси)* | *63.154,00* |
| *НАЈНИСКА основица за ДАНОЦИ И ПРИДОНЕСИ 50% од просечна месечна бруто плата, исплатена во РМ за 2025 година, за образец (МПИН)* | *31.577,00* |
| *НАЈВИСОКА основица за пресметка на придонеси за 2025 година (16 просечни бруто плати –(16 х 63.154)* | *1.010.464,00* |
| *Даночно МЕСЕЧНО намалување за 2025 година* | *10..270,00* |
| *Дневница за службени патувања од 21.01. 2025* | *3.353,00* |
| *Просечна исплатена месечна НЕТО плата по вработен за 2023 година* | *36.614,00* |
| *Просечна исплатена месечна БРУТО плата по вработен за 2023 година* | *54.916,00* |

### *I. БРУТО И НЕТО ПЛАТИ*

#### *1. ПРОСЕЧНО ИСПЛАТЕНА МЕСЕЧНА БРУТО ПЛАТА ПО ВРАБОТЕН ЗА 2025 ГОДИНА*

Просечо исплатена месечна ***БРУТО*** плата по работник во РС Македонија, за *2025* година, изнесува:

| |
|---|
| ***63.154,00 денари.*** |

Просечната плата се користи за утврдување на најниската и највисоката основица за пресметка на придонесите од задолжително социјално осигурување и тоа за пресметките за плата, кои се однесуваат за период ***ЈАНУАРИ - ДЕКЕМВРИ 2025 година.***

## *2. НАЈНИСКА ОСНОВИЦА ЗА ПРЕСМЕТКА НА ДАНОЦИ И ПРИДОНЕСИ*

### *2.1. Најниска основица за вработени лица*

Согласно член 15 од Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување ("Службен весник на РМ" 142/08...171/17; 35/18; 247/18, 251/22, 3/25), **Основица** за пресметување и плаќање на придонесите од плата, односно основица за осигурување за тековната година, ***не може да биде пониска од 50%*** од просечна плата по работник во РС Македонија, ***објавена во Јануари во тековната година***, според податоците на ДЗС, **која за *2025* година, изнесува:**

| |
|---|
| ***31.577,00 денари (63.154,00 х 50%).*** |

### *2.2. Најниска основица за самовработени лица*

| |
|---|
| ***САМОВРАБОТЕНИ ЛИЦА – вршител на самостојна економска дејност (таксисти, занаетчии)***<br>***31.577,00 денари;*** |
| **САМОВРАБОТЕНИ ЛИЦА – вршител на професионална и друга интелектуална дејност (*адвокати, нотари, извршители)***<br>***63.154,00 денари;*** |
| ***САМОВРАБОТЕНИ ЛИЦА – вршител на професионална и друга интелектуална дејност (адвокати, нотари, извршители) до истекот на првата година на отпочнување на дејност:***<br>***31.577,00 денари.*** |

## *3. НАЈВИСОКА ОСНОВИЦА ЗА ПРЕСМЕТКА НА ДАНОЦИ И ПРИДОНЕСИ*

### *3.1. Највисока основица за вработени лица*

Согласно член 16 од Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување***,* НАЈВИСОКА месечна основица** за пресметување и уплата на придонесите за примањата од работен однос е износот **од (16) шеснаесет просечни плати, кој износ за 2025 година, изнесува:**

| |
|---|
| ***1.010.464,00 денари (16 х 63.154,00 денари).*** |

***3.2. Највисока основица за самовработени лица***

***НАЈВИСОКА МЕСЕЧНА ОСНОВИЦА*** за пресметување и уплата на придонесите за самовработено лице е износот од *(12) дванаесет просечни плати.*

***757.848,00 денари (12 x 63.154,00 денари).***

***3.3. Највисока основица за вработени лица за извршен член на одбор на директори, Член на управен одбор, односно управител во трговско друштво***

***НАЈВИСОКА МЕСЕЧНА ОСНОВИЦА*** за пресметување и уплата на придонесите за примањата ***на Извршен член на одбор на директори во трговско друштво, член на управен одбор во трговско друштво,*** односно ***управител во трговско друштво***, е износот од ***(16) шеснаесет*** просечни плати, кој **за 2025 година**, изнесува.

***1.010.464,00 денари (16 x 63.154,00 денари.***

***3.4. Највисока основица за лице корисник на паричен надоместок, за време на привремена невработеност***

***Највисока месечна основица*** за пресметување и уплата на придонеси за тековната година за лице корисник на паричен надоместок за време на привремена невработеност, ***изнесува 80% од просечната плата*** по работник во Република Македонија објавена во јануари во тековната година, според податоците на Државниот завод за статистика.

***50.523,00 денари (63.154,00 денари x 80%).***

***НАПОМЕНА: На износот, повисок од највисоката месечна основица, не се пресметуваат и уплатуваат придонеси, додека на разликата над највисоката основица се пресметува Данок на личен доход.***

## *4. ПРЕГЛЕД НА НАЈНИЗОК И НАЈВИСОК ИЗНОС НА ПРИДОНЕСИ*

| *ПРИДОНЕСИ* | *Стап-ка* | *Најнизок износ* | *Највисок износ* |
|---|---|---|---|
| Придонес за пензиско и инвалидско осигурување за месец ***ЈАНУАРИ 2024 година,*** по вработен | **18,8%** | ***5.936,00*** | ***189.967,00*** |
| Придонес за здравствено осигурување за месец ***ЈАНУАРИ 2024 година*** по вработен | **7,5%** | ***2.368,00*** | ***75.785,00*** |
| Придонес за вработување за месец ***ЈАНУАРИ 2024 година*** по вработен | **1,2%** | ***379,00*** | ***12.126,00*** |
| Придонес за професионално заболување за месец ***ЈАНУАРИ 2025 година,*** по вработен. | **0,5%** | ***158,00*** | ***5.052,00*** |
| ***ВКУПНО ПРИДОНЕСИ:*** | ***28%*** | ***8.841,00*** | ***282.930,00*** |

### *4.1 Придонес за стажна осигурување што се смета со зголемено траење*

| **Придонес за стажот на осигурување што се смета со зголемено траење** | **Стапка 2020-2024** |
|---|---|
| **12 месеци што се сметаат во стаж на осигурување како 18 месеци** | **9,4%** |
| **12 месеци што се сметаат во стаж на осигурување како 17 месеци** | **7,83%** |
| **12 месеци што се сметаат во стаж на осигурување како 16 месеци** | **6,27%** |
| **12 месеци што се сметаат во стаж на осигурување како 15 месеци** | **4,7%** |
| **12 месеци што се сметаат во стаж на осигурување како 14 месеци** | **3,13%** |
| **12 месеци што се сметаат во стаж на осигурување како 13 месеци** | **1,57%** |

## 5. МИНИМАЛНА ПЛАТА

Согласно Законот за минималната плата во РМ ("Службен весник на РМ" 11/12; 30/14; 100/14 пт; 180/14; 81/15; 129/15; 132/17; 140/18; 124/19; 239/19; 41/22), висината на минималната плата во Република Македонија:

| Р.бр | Период на важност | Нето | Бруто | Сл. Весник на РСМ |
|---|---|---|---|---|
| 1. | 01.01.2020 – 31.03.2020 | 14.500,00 | 21.107,00 | 239/2019 Закон |
| 2. | 01.04.2020 – 30.06.2020 | 14.500,00 | 21.107,00 | 88/2020 Уредба |
| 2. | 01.07.2020 – 31.03.2021 | 14.934,00 | 21.776,00 | 75/2020 Објава |
| 3. | 01.04.2021 – 31.03.2022 | 15.194,00 | 22.146,00 | 80/2021 Објава |
| 4. | 01.03.2022 – 28.02.2023 | 18.000,00 | 26.422,00 | 41/2022 Закон |
| 5. | 01.03.2023 – 29.02.2024 | 20.225,00 | 29.739,00 | 558/2023 Објава |
| 6. | 01.03.2024 - 31.12.2024 | 22.567,00 | 33.352,00 | 68/2024 Објава |
| 7. | 01.01.2025 - 28.02.2025 | 22.640,00 | 33.352,00 | Види напомена |

***НАПОМЕНА: Висината на минималната плата за Јануари 2025 година е променета и истата изнесува 22.640,00 денари, поради промена на новото даночно намалување за 2025 година во износ од 10.270,00 денари. Истата ќе се применува до објавување на новата висина на минимална плата за 2025 година.***

## 6. ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ДАНОК НА ЛИЧЕН ДОХОД

### 6.1. Стапки за пресметување на данок на личен доход (од 01.01.2025 до 31.12.2025 година)

Согласно член 11 од Законот за данок на личен доход ("Службен весник на РМ" 241/2018; 275/19; 290/20, 85/21, 274/22) данокот на личен доход за доход од работа, се пресметува со примена на две даночни стапки, согласно даночната основа и тоа:

- ❑ ***Пропишана стапка во износ од 10% или***
- ❑ ***Пресметана стапка од 11,1111%.***

### *6.2. Даночно намалување*

Согласно член 10 став 1 точка 2 од Законот за Данок на личен доход, ***Даночното намалување за 2025*** година, на месечно и годишно ниво, изнесува:

| *Период* | *2025 година* |
|---|---|
| ***Месечно*** | ***10.270,00*** |
| ***Годишно*** | ***123.240,00 10.270 x 12)*** |

## *7. СТАПКА НА ТРОШОЦИ НА ЖИВОТ – ИНФЛАЦИЈА- И ПРАВО НА ПОРАСТ НА ПЛАТИТЕ*

Врз основа на член 10 од Законот за исплата на платите во Република Македонија („Службен весник на РМ” 70/94... 202/19) ***Министерството за труд и социјална политика, објавува:***

1. Стапката на трошоците за живот за месец ***ДЕКЕМВРИ 2024*** година во однос на месец ***НОЕМВРИ 2024,*** според податоците на ***ДЗС бр.4.1.25.01 од 03.01.2025*** година, изнесува***:*** ***(0,3%).***

2. Исплатата на платите за месец ***ДЕКЕМВРИ 2024*** во однос на месец ***НОЕМВРИ 2024*** година, изнесува: ***(0,15%).***

## *8. РАБОТНИ ЧАСОВИ КОИ СЕ КОРИСТАТ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА РАБОТНИОТ СТАЖ*

Работните часови за месец ***ЈАНУАРИ/2025*** година, изнесуваат:

***184 часа.***

## *9. ПРОСЕЧНА БРУТО ПЛАТА*

***9.1. Просечна исплатена месечна БРУТО плата по вработен за месец XI/2024), а се однесува за месец ЈАНУАРИ/2025 година, изнесува:***

***63.154,00 денари,***

*Соопштение на Државниот Завод за статистика на Република Македонија бр****. 4.1.25.08 од 21.01.2025).***

***9.2. Просечна исплатена месечна БРУТО ПЛАТА по вработен во претходните три месеци (IX-X-XI/2024 година),*** а се однесува месец ***ЈАНУАРИ/2024 година изнесува:***

| |
|---|
| ***63.041,00 денари,*** |

*(Соопштение на Државниот Завод за статистика на Република Македонија бр. **4.1.25.08 од 21.01.2025).***

### *10. ПРОСЕЧНА НЕТО ПЛАТА*

***10.1. Просечна исплатена месечна НЕТО плата по вработен за месец (XI/2024), а се однесува за месец ЈАНУАРИ/2025 година, изнесува:***

| |
|---|
| ***41.999,00 денари,*** |

*Соопштение на Државниот Завод за статистика на Република Македонија бр. **4.1.25.07 од 21.01.2025).***

***10.2. Просечна исплатена месечна НЕТО ПЛАТА по вработен во претходните три месеци (IX-X-XI/2024 година),*** а се однесува месец ***ЈАНУАРИ/2025 година изнесува:***

| |
|---|
| ***41.907,00 денари,*** |

*(Соопштение на Државниот Завод за статистика на Република Македонија бр. **4.1.25.07 од 21.01.2025).***

## *II. НАДОМЕСТОЦИ НА ТРОШОЦИ И ДОДАТОЦИ ОД ПЛАТА ПРИВАТЕН СЕКТОР*

### *1. НАДОМЕСТОЦИ НА ТРОШОЦИ ЗА ВРАБОТЕНИ*

| |
|---|
| Просечна исплатена месечна ***НЕТО ПЛАТА*** по вработен во претходните три месеци ***(IX-X-XI/2024 година),*** а се однесува за месец ***ЈАНУАРИ/2025 година, изнесува:*** |
| ***41.907,00 денари*** |

Износот ***41.907,00 денари,*** претставува ***ОСНОВИЦА*** за пресметување на следните надоместоци **за *ПРИВАТНИ правни лица:***

| ***<u>РЕГРЕС ЗА ГОДИШЕН ОДМОР</u>*** |
|---|
| ***НАЈНИЗОК*** износ за исплата на Регрес за годишен одмор за месец ***ЈАНУАРИ/2024 година***, се исплатува во висина ***од најмалку 40% од основицата***, под услов работникот да работел најмалку 6 месеци во календарската година, кај ист работодавач и **износува:**<br>***16.763,00 денари во НЕТО износ***<br>***(41.907,00 х 40%)***<br><u>Согласно колективен договор на ниво на дејност или КД на ниво на работодавач може да се утврди регрес во поголем износ од износот согласно ОКДПСОС.</u> |
| ***ДАНОЧНО ПРИЗНАТ РАСХОД ВО ДАНОЧЕН БИЛАНС***<br>***50.523,00 денари (63.154,00 х 80%)*** |
| (***80% од просечна месечна БРУТО плата по работник во РМ, објавена до денот на исплатата)***<br>***Се пресметува и плаќа Данок на личен доход по стапка од 11,1111%*** |
| ***ОТПРЕМНИНА ПРИ ЗАМИНУВАЊЕ НА РАБОТНИК ВО ПЕНЗИЈА*** |
| ***83.814,00 денари***<br>**(*двократен износ од основицата (2 х 41.907)*<br>***Ослободен од Данок на личен доход до 83.814,00 денари.*** |
| ***ЈУБИЛЕЈНА НАГРАДА*** |
| ***41.907,00 денари***<br>***(во висина на основицата), за најмалку 10 години поминати кај ист работодавец***<br>***Се пресметува и плаќа на Данок на личен доход 11,1111%*** |
| ***ОДВОЕН ЖИВОТ ОД СЕМЕЈСТВОТО*** |
| ***25.144,00 денари***<br>**60% од основицата – (60% од 41.907,*00)***<br>***Ослободен од Данок на личен доход до 25.144,00 денари.*** |
| ***ДНЕВНИЦИ ЗА СЛУЖБЕНИ ПАТУВАЊА ВО ЗЕМЈАТА*** |
| ***3.353,00 денари***<br>**8% од основицата (8% од *41.907,00)***<br>***Ослободен од Данок на личен доход до 3.35300 денари.*** |

| ДНЕВНИЦИ ЗА СЛУЖБЕНИ ПАТУВАЊА ВО СТРАНСТВО |
|---|
| ➢ ***50% од утврдената дневница***, ако се поднесе сметка за сместување, како и во случаи, кога сместувањето не паѓа на товар на органот на Управата;<br>➢ ***20% од утврдената дневница***, ако издатоците за сместувањето и исхраната, не паѓаат на товар на органот на управата; и<br>➢ ***5% од утврдената дневница***, ако издатоците за стручно оспособување и усовршување не паѓаат на товар на органот на државната управа, а престојот е над 30 дена. Под стручно усовршување се подразбира посета на семинари, курсеви, симпозиуми и други видови средби, организирани во странство на мултилатерална и билатерална основа. |
| ***ПОМОШ ВО СЛУЧАЈ НА СМРТ НА РАБОТНИК*** |
| ***125.721,00 денари***<br>***во висина од ТРИ основици (3 x 41.907,00)***<br>***Ослободен од Данок на личен доход до 125.721,00 денари.*** |
| ***ПОМОШ ВО СЛУЧАЈ НА СМРТ НА ЧЛЕН НА СЕМЕЈСТВО*** |
| ***83.814,00 денари***<br>***во висина од ДВЕ основици (2 x 41.907,00 денари)***<br>***Ослободен од Данок на личен доход до 83.814,00 денари.*** |
| ***ПОМОШ ВО СЛУЧАЈ НА ЕЛЕМЕНТАРНИ НЕПОГОДИ***<br>***41.907,00 денари***<br>***(во висина на основицата)***<br>***Ослободен од Данок на личен доход до 41.907,00 денари.*** |
| ***КОРИСТЕЊЕ НА СОПСТВЕНО ВОЗИЛО ЗА СЛУЖБЕНИ ЦЕЛИ*** |
| **(во висина до 30%** од цената на литар гориво за соодветно возило по поминат километар).<br>***Ослободено од Данок на личен доход во висина, најмногу до 3.500,00 денари по возило, месечно.*** |
| ***НАДОМЕСТ ПРИ СЕЛИДБА НА ВРАБОТЕН ЗА ПОТРЕБИТЕ ЗА РАБОТОДАВАЧОТ*** |
| ***(во висина на стварни трошоци)***<br>***Се пресметува и плаќа на Данок на личен доход по стапка од 11,1111%*** |

| ТРОШОК ЗА ОРГАНИЗИРАНА ИСХРАНА ЗА ОКТОМВРИ/2024 |
|---|
| ***7.323,00 денари***<br>(во висина од *20%* од просечна нето плата, исплатена во претходната 2023 година *(36.614,00 x 20%)*<br>***Се пресметува и плаќа на Данок на личен доход НАД 7.323,00 денари.*** |
| ***НЕПРЕКИНАТО БОЛЕДУВАЊЕ ПОДОЛГО ОД 6 МЕСЕЦИ*** |
| ***(поради повреда на работа и професионално заболување)***<br>***41.907,00 денари;***<br>Во висина од една просечна месечна нето плата исплатена по работник во РСМ за последните три месеци.<br>***Се пресметува и плаќа на Данок на личен доход по стапка од 11,1111%*** |

***2. НАДОМЕСТОЦИ НА ПЛАТА***

***2.1. Надоместоци на плата за време на БОЛЕДУВАЊЕ***

Согласно член 31 од Општиот колективен договор за приватен сектор од областа на стопанството („Службен весник на РМ" 150/12; 189/13; 115/14 пт; 119/15; 150/16), работникот има право на ***надомест на плата – боледување*** – *која се исплатува од страна на работодавачот и тоа:*

| **Времетраење на боледување** | **Право на надомест** |
|---|---|
| **До 15 дена** | **70% од основицата** |
| **Над 15 дена, почнувајќи од првиот ден на боледувањето, за сите денови** | **90% од основицата** |
| **Над 30 дена, кога боледувањето го плаќа работодавачот** | **90% од основицата** |

***ОСНОВИЦА,*** просечен месечен износ на исплатена плата ***на која е платен придонес за здравствено осигурување за последните 12 месеци.***

## *2.2. Надоместоци на плата за ИСПРАТНИНА ПРИ ТЕХНОЛОШКИ ВИШОК*

Согласно член 97 од Законот за работни односи ("Службен весник на РМ" 62/05...27/16; 120/18; 110/19; 267/20; 151/21; 288/21; 111/23), во случај на откажување на договорот за вработување од деловни причини (*технолошки вишок),* работодавачот е должен на работникот да му исплати ***испратнина,*** *во следните случаи:*

| *Години поминати во работен однос* | *Висина на плата* |
|---|---|
| **До 5 години** | **Една плата** |
| **Од 5 до 10 години** | **Две и пол плати** |
| **Од 10 до 15 години** | **Три и пол плати** |
| **Од 15 до 20 години** | **Четири и пол плати** |
| **Од 20 до 25 години** | **Шест плати** |
| **Над 25 години** | **Седум плати** |

| *Испратнина за 2024* | *Просечна Нето плата по работник во претходниот месец* | *Најнизок износ на испратнина* |
|---|---|---|
| **1** | **2** | **3 (2x50%)** |
| ***ЈАНУАРИ/2024*** | ***38.843,00*** | ***19.422,00*** |
| ***ФЕВРУАРИ/2024*** | ***38.359,00*** | ***19.180,00*** |
| ***МАРТ/2024*** | ***39.998,00*** | ***19.999,00*** |
| ***АПРИЛ/2024*** | ***39.542,00*** | ***19.771,00*** |
| ***МАЈ/2024*** | ***39.276,00*** | ***19.638,00*** |
| ***ЈУНИ/2024*** | ***40.496,00*** | ***20.248,00*** |
| ***ЈУЛИ/2024*** | ***41.085,00*** | ***20.543,00*** |
| ***АВГУСТ/2024*** | ***41.252,00*** | ***20.626,00*** |
| ***СЕПТЕМВРИ/2024*** | ***41.939,00*** | ***20.970,00*** |
| ***ОКТОМВРИ/2024*** | ***40.961,00*** | ***20.481,00*** |
| ***НОЕМВРИ/2024*** | ***41.097,00*** | ***20.549,00*** |

**НАПОМЕНА 1:** Просечната нето плата на работникот во последните шест месеци пред отказот и истата ***да не биде помала од 50%*** од просечната нето плата исплатена по работник во РМ, во последниот месец пред отказот.

| |
|---|
| **НАПОМЕНА 2**: ***Работен однос, се смета*** времето поминато во работен однос ***кај ист работодавач и работниот однос кај претходниот работодавач,*** на кој поради настаната-та статусна промена, правен следбеник е последниот работо-давач. |
| **НАПОМЕНА 3**: Испратнината се исплатува со денот на престанокот на работниот однос. |
| **НАПОМЕНА 4**: Не се пресметува и плаќа Данок на личен доход. |

### *2.3. Надоместоци на плата за ПРАКТИКАНТСКА РАБОТА*

Согласно член 8 од Законот за Практиканство (Службен весник на РС Македонија, 98/19, 103/21), практикантот за време на практикантската работа кај работодавачот, ***има право на МЕСЕЧЕН надоместок, кој се исплатува од страна на работодавачот.***

Висината на месечниот надоместок ***се утврдува во НЕТО износ за полно работно време*** во зависност од времетраењето на периодот на практикантската работа и тоа:

*** Од 42% до 74% од *МИНИМАЛНАТА НЕТО ПЛАТА*, *за практикантска работа ДО ТРИ месеци*; и**

*** Во висина на *МИНИМАЛНАТА НЕТО ПЛАТА утврдена согласно со Закон, за практикантска работа НАД ТРИ* месеци**, сметано **од четвртиот месец**.

***Минимална НЕТО плата 22.567,00 денари.***

**Се пресметува и плаќа:**

- ***Придонес врз основа на инвалидност и телесно оштетување, причинето со повреда на работа или професионална болест од 4% од основицата за пресметка на придонеси и даноци од плата.***
- ***Дополнителен придонес за задолжително здравствено осигурување за случај на повреда на работа и професионално заболување од 0,5% од основицата за пресметка на придонеси и даноци од плата.***
- ***Данок на личен доход во висина од 11,1111%.***

### 2.4. Надоместоци на плата за ПРАКТИЧНА ОБУКА НА УЧЕНИЦИ И СТУДЕНТИ

Согласно член 12 став 1 точка 14 од Законот за данок на личен доход, данокот на доход, **не се плаќа за:**

***Надоместокот за практична обука на ученици и студенти, во висина до 8.000 денари месечно:***

***Во случај на исплата на надоместокот за практична обука на ученици и практична настава на студенти, над 8.000 денари се пресметува и плаќа Данок на личен доход во висина од 11,1111%.***

Согласно член 8 став 1 точка 1 од Законот за придонеси, ***учениците и студентите се обврзници за плаќање придонес врз основа на инвалидност и телесно оштетување, причинето со повреда на работа или професионална болест за време на практична обука од 4%, а обврската за пресметка и уплата на придонесот, паѓа на товар НА УСТАНОВАТА ОД ОБЛАСТА НА ОБРАЗОВАНИЕТО.***

### 2.5. Надоместоци на плата за НАЈВИСОК ИЗНОС НА НАДОМЕСТ ЗА БОЛЕД-УВАЊЕ што го исплатува Фондот за здравствено осигурување

Согласно член 17 од Законот за здравствено осигурување („Службен весник на РМ" 25/00...77/21; 60/23, 154/23,209/23), највисокиот износ на надоместокот за боледување што се исплаќа на товар на ФЗО во 2024 година, изнесува ***ЧЕТИРИ просечни месечни нето плати*** исплатени во РМ во претходната 2023 година **изнесува:**

***146.456,00 денари (4 x 36.614,00 денари).***

### 2.6. Надоместоци на плата за НАЈВИСОК ИЗНОС НА ПЕНЗИЈА за 2025 година

Највисокиот износ на пензија, според статистичките податоци на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување за 2025 година, изнесува:

***69.803,00 денари.***

### *2.7. Надоместоци на плата за РЕФУНДИРАЊЕ НА СРЕДСТВАТА за уплатени придонеси за ИНВАЛИДНИ ЛИЦА*

Согласно Упатството за начинот на пресметка и исплата на плати и поврат на придонеси од задолжително социјално осигурување за вработени во заштитни друштва, инвалидни лица кога самостојно вршат дејност како трговци-поединци и други работодавачи кои имаат вработено инвалидно лице, МТСП врши рефундирање на уплатените средства до висина не поголема од ***2 (две) просечни нето плати исплатени во РМ во претходниот месец***, кој за ***месец ЈАНУАРИ/2025 година*** изнесува;

***84.268,00 денари (2 х 42.134,00 денари.***

### *2.8. Надоместоци на плата за МЕСЕЧЕН НАДОМЕСТОК на членови на Органи на управување*

Согласно член 9 став 1 точка 4 од Законот за данок на добивка ("Службен весник на РМ" 25/00...199/23), ***МЕСЕЧНИОТ*** надоместок на членовите на органи на управување се исплатува во ***висина од 50%*** од ***Просечната Бруто плата, исплатена во претходната 2023 година во РСМ во висина од:***

***27.458,00 денари (50% од 54.916,00 денари).***

***ГОДИШЕН НАДОМЕСТОК ИЗНЕСУВА:***
***329.496 ( 27.458 х 12)***

### *3. ДОДАТОЦИ НА ПЛАТА*

Согласно член 24 од Општиот Колективен договор за приватен сектор од областа на стопанството („Службен весник на РМ" 150/12; 189/13; 119/15; 150/16), ***основната плата на работникот, се зголемува по час, најмалку за:***

- ***Прекувремена работа.......................................... 35%***
- ***Работа ноќе.............................................................. 35%***
- ***Работа во три смени .............................................. 5%***
- ***Работа во ден на неделен одмор..........................50%***

За работа во денови на празници и неработни денови утврдени со закон, работникот има право на надомест на платата, што му припаѓа кога во тие денови не работи и плата за поминатите часови на работа **зголемена за 50%.** Додатоците меѓусебно **не се исклучуваат**.

Правото на зголемен надоместок по основ на работа во три смени, работникот го остварува само за ефективно поминато работно време, во смени.

**Основната плата на работникот, се зголемува за 0,5% за секоја година работен стаж (МИНАТ ТРУД)**

### *3.1. Додатоци на плата за работа во недела и празници*

| ДОДАТОЦИ НА ПЛАТА | ЗАКОН ЗА РАБОТНИ ОДНОСИ | ЗАКОН ЗА ТРГОВИЈА |
|---|---|---|
| Работа во **НЕДЕЛА** | 50% - Додаток за недела<br>100% - Дневница<br>**150% 1,5 Дневници** | 100% - Додаток за недела<br>100% - Дневница<br>**200% 2 - Дневници** |
| Работа во **НЕДЕЛА/ПРАЗНИК** (чл.2 и чл.4 од ЗП) | 50% - Додаток/недела<br>50% - Додаток/празник<br>100% - Дневница<br>**200% 2 Дневници** | 100% - Додаток за недела<br>100% - Додаток / празник<br>100% - Дневница<br>**300% 3 Дневници** |
| Работа во **ПОНЕДЕЛНИК** продолжен ден на празник во **НЕДЕЛА (чл. 2 од од ЗП)** | 50% - Додаток за празник<br>100% - Надоместок за празник<br>100% - Дневница<br>**250% 2,5 Дневници** | 100% - Додаток за празник<br>100% - Надоместок за празник<br>100% - Дневница<br>**300% 3 Дневници** |
| Работа во **ПРАЗНИК РАБОТЕН ДЕН (чл. 2 од ЗП)** | 50% - Додаток за празник<br>100% - Надоместок за празник<br>100% - Дневница<br>**250% 2,5 Дневници** | 100% - Додаток за празник<br>100% - Надоместок за празник<br>100% - Дневница<br>**300% 3 Дневници** |
| Работа во **ПРАЗНИК РАБОТЕН ДЕН (чл. 4 од ЗП)** | 50% - Додаток за празник<br>100% Надоместок за празник<br>100% - Дневница<br>**250% 2,5 Дневници** | 50% - Додаток за празник<br>100% - Надоместок за празник<br>100% - Дневница<br>**250% 2,5 Дневници** |

### *5. ПЛАТЕНО ОТСУСТВО ОД РАБОТА (ПЛАТЕН ОДМОР)*

Согласно член 24 од Општиот Колективен договор за приватен сектор од областа на стопанството („Службен весник на РМ” 150/12; 189/13; 119/15; 150/16), работникот има право на платен одмор заради лични и семејни околности **до 7 работни дена, во текот на годината** во следните случаи:
- **за склучување на брак 3 дена**
**- за склучување брак на дете 2 дена**
**- за раѓање или посвојување дете 2 дена**
- **за смрт на сопружник или дете 5 дена**
**- за смрт на родител, брат, сестра 2 дена**
**- за смрт на родител на сопружник 2 дена**
**- за смрт на дедо или баба 1 ден**
**- за полагање на стручен или друг испит за потребите на работодавачот до 3 дена**
**- за елементарните непогоди до 7 дена**

Во случај на прогласување на вонредна состојба или кризна состојба поради елементарни или друг вид на непогоди прогласени со Одлука на Владата на Република Македонија или друг надлежен Орган или Институција, работодавачот може на работникот кој работи во правните субјекти односно живее во подрачјата погодени од временските или елементарни непогоди да одобри и поголем број на слободни денови за периодот кој е опфатен согласно Одлуката за прогласување на вонредна или кризна состојба поради елементарни или друг вид на непогоди, донесена од страна на Владата на Република Македонија или друг надлежен Орган или Институција.

Во случаите од став (1), отсуството од работа се обезбедува и се користи во деновите на траењето на основа на која се остварува, без оглед на барањето на процесот на работа.

## *III. НАДОМЕСТОЦИ НА ТРОШОЦИ И ДОДАТОЦИ ОД ПЛАТА ЈАВЕН СЕКТОР*

***1. Надоместоци на трошоци за вработени од плата за ПРАВНИ ЛИЦА ОСНОВАНИ СО ЈАВЕН КАПИТАЛ правни лица со повеќе од 49% јавен капитал За ЈАВНИ правни лица***

Просечна исплатена месечна нето плата по вработен за месец ***(XI/2024), а се однесува за месец ЈАНУАРИ/2025 година,*** изнесува:

| |
|---|
| ***41.999,00 денари,*** |

Согласно член 9 од Законот за исплата на платите во РМ, работодавецот може да врши исплата на следните надоместоци, согласно ***ОСНОВИЦАТА од 41.999,00 денари:***

| |
|---|
| **РЕГРЕС ЗА ГОДИШЕН ОДМОР** |
| ***25.199,00 денари***<br>**(60% од основицата )** ***(41.999,00 x 60%)***<br>***Се пресметува и плаќа Данок на личен доход 11,1111%*** |
| **ОТПРЕМНИНАТА ПРИ ЗАМИНУВАЊЕ НА РАБОТНИК ВО ПЕНЗИЈА** |
| ***83.998,00 денари***<br>**(двократен износ од основицата)** ***(2 x 41.999,00)***<br>***Ослободен од Данок на личен доход до 83.998,00 денари*** |
| **ОДВОЕН ЖИВОТ ОД СЕМЕЈСТВОТО** |
| ***25.199,00 денари***<br>***(60% од основицата) (41.999 x 60%)***<br>***Ослободен од Данок на личен доход до 25.199,00 денари.*** |

***2. Надоместоци на трошоци за вработени од платата за БУЏЕТСКИ КОРИСНИЦИ***

Согласно Законот за извршување на Буџетот на РМ за 2025 година ("Службен весник на РМ" 254/24), на буџетските корисници, им се исплатуваат следните надоместоци:

| |
|---|
| ***НАДОМЕСТОК ЗА ОДВОЕН ЖИВОТ ОД СЕМЕЈСТВОТО***<br>***12.572,00 денари***<br>***(30% од просечна Месечна Нето плата,*** исплатена во РМ во претходни три месеци) ***(30% x 41.907,00)***<br>***(Ослободен од Данок на личен доход до 12.481,00 денари);*** |
| ***ПОМОШ ВО СЛУЧАЈ НА СМРТ НА РАБОТНИК***<br>***83.998,00 денари***<br>***(двократен износ на просечна месечна нето плата по работник во Републиката, објавена на денот на исплатата)***<br>***(2 x 41.999,00)***<br>***(Ослободен од Данок на личен доход до 83.998,00 денари);*** |

| |
|---|
| ***ПОМОШ ВО СЛУЧАЈ НА СМРТ НА ЧЛЕН НА СЕМЕЈСТВО***<br>***41.999,00 денари***<br>***(во висина на просечна месечна нето плата по работник во Републиката, објавена на денот на исплатата)***<br>***(Ослободен од Данок на личен доход до 41.999,00 денари);*** |
| **11. НЕТО ПЛАТА (1-6-10)** | **22.567,00** |

### *27.3. Пресметка на личен доход од работа која претставува НАЈНИСКА основица за пресметка на ДАНОЦИ и ПРИДОНЕСИ*

| | |
|---|---|
| **1. БРУТО ПЛАТА** | **31.577,00** |
| 2. Придонес за задолжително ПИО (1 x 18,8%) | 5.936,00 |
| 3. Придонес за здравствено осигурување (1 x 7,5%) | 2.368,00 |
| 4. Придонес за вработување (1 x 1,2%) | 379,00 |
| 5. Придонес за дополнително здравствено осигурување (1 x 0,5%) | 158,00 |
| **6. Вкупно придонеси (2 + 3 + 4 + 5)** | **8.841,00** |
| 7. Бруто плата намалена за придонеси (1 – 6 ) | 22.736,00 |
| 8. Даночно намалување за 2025 година | 10.270,00 |
| 9. Основица за данок на доход (7 – 8) | 12.466,00 |
| **10. Данок на доход (10 x 10%)** | **1.247,00** |
| **11. НЕТО ПЛАТА (1 – 6 – 10)** | **21.489,00** |

**КНИЖЕЊЕ:**

| | | |
|---|---|---|
| 420 – Плата и надоместоци од плата | 28.805,00 | |
| 240 – Обврска за плати и надоместоци | | 28.805,00 |

***- (вкалкулирана бруто плата),***

| | | |
|---|---|---|
| 240 – Обврска за плати и надоместоци | 28.805,00 | |
| 2430 – Обврска за нето плата | | 19.193,00 |
| 2340 – Данок од плата | | 1.047,00 |
| 2347 – Придонеси од плата | | 8.085,00 |
| ***(за пресметана плата, даноци и придонеси)***, | | |

| | | |
|---|---|---|
| 2430 – Обврски за нето плата | 19.193,00 | |
| 2340 – Данок од плата | 1.047,00 | |
| 2347 – Придонеси од плата | 8.085,00 | |
| 1000 – Трансакциска сметка | | 28.805,00 |
| ***- (исплатена бруто плата).*** | | |

## *27.4. Пресметка на Плата која претставува НАЈВИСОКА основица за пресметка на ДАНОЦИ и ПРИДОНЕСИ*

| | |
|---|---|
| **1. БРУТО ПЛАТА (16 x 63.154,00)** | **1.010.464,00** |
| 2. Придонес за задолжително ПИО (1 x 18,8%) | 189.967,00 |
| 3. Придонес за здравствено осигурување (1 x 7,5%) | 75.785,00 |
| 4. Придонес за вработување (1 x 1,2%) | 12.126,00 |
| 5. Придонес за дополнително здравствено осигурување (1 x 0,5%) | 5.052,00 |
| **6. Вкупно придонеси (2 + 3 + 4 + 5)** | **282.930,00** |
| 7. Бруто плата намалена за придонеси (1 – 6) | 727.534,00 |
| 8. Даночно намалување за 2025 година | 10.270,00 |
| 9. Основица за данок на доход (7 – 8 ) | 717.264,00 |
| **10. Данок на доход (9 x 10%)** | **71.726,00** |
| **11. Нето плата (1 - 6 - 10)** | **655.808,00** |

## *27.5. Пресметка на Личен доход од работа на основица ПОВИСОКА од НАЈВИСОКА основица за пресметка НА ДАНОЦИ И ПРИДОНЕСИ*

| | |
|---|---|
| **1. Бруто плата** | **2.000.000,00** |
| 2. Вкупно придонеси за највисок износ | 282.930,00 |
| **3. Намалување на платата за придонеси (1 – 2)** | **1.717.070,00** |
| 4. Даночно намалување за 2025 година | 10.270,00 |
| 5. Основица за данок (3 – 4) | 1.706.800,00 |
| **6. Данок на личен доход** ***(5 x 10%)*** | **170.680,00** |
| **7. Нето плата (3 - 6)** | **1.546.390,00** |

ТЕКОВНИ ИНФОРМАЦИИ

# КОЕФИЦИЕНТ НА МДБ

***Коефициент на МДБ за месец ЈАНУАРИ 2025 изнесува (3,9%)***

Врз основа на член 44 од Законот за Данок на добивка ("Службен весник на РСМ" 112/2014...151/21, 199/23), Државниот завод за статистика, го утврдува и објавува:

**ПРОЦЕНТОТ НА ПОРАСТ НА ЦЕНИТЕ НА МАЛО ВО РСМ ЗА МЕСЕЦ ЈАНУАРИ 2025 ГОДИНА**

| *Р.бр.* | *ОПИС* | *ПОРАСТ* |
|---|---|---|
| **1.** | Кумулативен порат на цените на мало во РСМ, за периодот ***ЈАНУАРИ 2025 година,*** во однос на просечните цени на мало, ***во 2024 година, изнесува:*** | ***3,9%*** |
| **2.** | Коефициентот за пораст на даночната основица за плаќање на данок на добивка за месец ***ЈАНУАРИ 2025 година,*** **изнесува**: | ***3,9%*** |

Бидејќи коефициентот на **МДБ за месец *ЈАНУАРИ 2025 година,*** е **ПОЗИТИВЕН,** месечната аконтација на данокот на добивка, ќе се пресмета како ***1/12*** **од Годишниот данок утврден во Даночниот биланс за оданочување на добивката за 2023** година, од ***(АОП/56 - Пресметан данок по намалување), помножен со 3,9%.***

# КОЕФИЦИЕНТ НА МДБ

## ***Коефициент на МДБ за месец ФЕВРУАРИ 2025 изнесува (1,7%)***

Врз основа на член 44 од Законот за Данок на добивка ("Службен весник на РСМ" 112/2014...151/21, 199/23), Државниот завод за статистика, го утврдува и објавува:

### ПРОЦЕНТОТ НА ПОРАСТ НА ЦЕНИТЕ НА МАЛО ВО РСМ ЗА МЕСЕЦ ФЕВРУАРИ 2025 ГОДИНА

| ***Р.бр.*** | ***ОПИС*** | ***ПОРАСТ*** |
|---|---|---|
| **1.** | Кумулативен порат на цените на мало во РСМ, за периодот ***ФЕВРУАРИ 2025 година,*** во однос на просечните цени на мало, ***во 2024 година, изнесува:*** | ***1,7%*** |
| **2.** | Коефициентот за пораст на даночната основица за плаќање на данок на добивка за месец ***ФЕВРУАРИ 2025 година,*** **изнесува**: | ***1,7%*** |

Бидејќи коефициентот на **МДБ за месец *ФЕВРУАРИ 2025 година,*** е **ПОЗИТИВЕН,** месечната аконтација на данокот на добивка, ќе се пресмета како ***1/12*** **од Годишниот данок утврден во Даночниот биланс за оданочување на добивката за 2023** година, од ***(АОП/56 - Пресметан данок по намалување), помножен со 1,7%.***

# КОЕФИЦИЕНТИ НА ПОРАСТ НА ЦЕНИТЕ ЗА МЕСЕЦ ДЕКЕМВРИ 2024 ГОДИНА

***Месечен коефициент за ДЕКЕМВРИ/2024 (-0,001).***
***Кумулативен коефициент од I до XII 2024 (0,053).***

## *1. ЦЕНИТЕ НА ПРОИЗВОДИТЕЛИТЕ НА ИНДУСТРИСКИ ПРОИЗВОДИ*

| *Р.бр* | *ОПИС* | *Коефициент* |
|---|---|---|
| 1. | Месечен коефициент на пораст на цените на производителите на индустриски производи во ***ДЕКЕМВРИ/2024*** година, во однос на ***НОЕМВРИ/2024*** година. | *-0,001* |
| 2. | Коефициент на пораст на цените на производителите на индустриски производи ***од почетокот на годината*** до крајот на ***ДЕКЕМВРИ/2024 година***. | *0,053* |
| 3. | Коефициент на пораст на цените на производителите на индустриски производи во ***ДЕКЕМВРИ/2024 година*** во однос на ***ДЕКЕМВРИ/2023 година***.. | *0,025* |

## *2. ЦЕНИ НА МАЛО*

| *Р.бр* | *ОПИС* | *Коефициент* |
|---|---|---|
| 1. | Месечен коефициент на пораст на цените на мало во ***ДЕКЕМВРИ/2024 година***, во однос на ***НОЕМВРИ/2024 година***. | *0,012* |
| 2. | Коефициент на пораст на цените на мало од ***почетокот на годината до крајот на ДЕКЕМВРИ/2024 година.*** | *0,042* |

| | | |
|---|---|---|
| **3.** | Коефициент на пораст на цените на мало во ***ДЕКЕМВРИ/2024 година*** во однос на ***ДЕКЕМВРИ/2023 година***. | ***0,043*** |
| **4.** | Коефициент на пораст на трошоците на живот во Република Македонија во период ***од почетокот на годината*** до крајот на ***ДЕКЕМВРИ/2024 година во однос на просекот на трошоците на живот во 2023 година.*** | ***0,062*** |

### *3. ТРОШОЦИ НА ЖИВОТ – ИНФЛАЦИЈА*

| ***Р.бр.*** | ***ОПИС*** | ***Коефициент*** |
|---|---|---|
| **1.** | Месечен коефициент на пораст на цените на мало во ***ДЕКЕМВРИ/2024 година***, во однос на **НОЕМВРИ/2024 *година.*** | ***0,003*** |
| **2.** | Коефициент на пораст на цените на мало од ***почетокот на годината до крајот на ДЕКЕМВРИ/2024 година.*** | ***0,044*** |
| **3.** | Коефициент на пораст на цените на мало во ***ДЕКЕМВРИ/2024 година*** во однос на ***ДЕКЕМВРИ/2023 година***. | ***0,044*** |
| **4.** | Коефициент на пораст на трошоците на живот во Република Македонија во период ***од почетокот на годината*** до крајот на ***ДЕКЕМВРИ/2024 година во однос на просекот на трошоците на живот во 2023 година.*** | ***0,055*** |

# КОЕФИЦИЕНТИ НА ПОРАСТ НА ЦЕНИТЕ ЗА МЕСЕЦ ЈАНУАРИ 2025 ГОДИНА

***Месечен коефициент за ЈАНУАРИ/2025 (0,010).***
***Кумулативен коефициент од I до I 2025 (0,010).***

## *1. ЦЕНИТЕ НА ПРОИЗВОДИТЕЛИТЕ НА ИНДУСТРИСКИ ПРОИЗВОДИ*

| *Р.бр* | ОПИС | *Коефициент* |
|---|---|---|
| 1. | Месечен коефициент на пораст на цените на производителите на индустриски производи во ***ЈАНУАРИ/2025*** година, во однос на ***ДЕКЕМВРИ/2024*** година. | ***0,010*** |
| 2. | Коефициент на пораст на цените на производителите на индустриски производи ***од почетокот на годината*** до крајот на ***ЈАНУАРИ/2025 година***. | ***0,010*** |
| 3. | Коефициент на пораст на цените на производителите на индустриски производи во ***ЈАНУАРИ/2025 година*** во однос на ***ЈАНУАРИ/2024 година***.. | ***0,061*** |

## *2. ЦЕНИ НА МАЛО*

| *Р.бр* | ОПИС | *Коефициент* |
|---|---|---|
| 1. | Месечен коефициент на пораст на цените на мало во ***ЈАНУАРИ/2025 година***, во однос на ***ДЕКЕМВРИ/2024 година***. | ***-0,004*** |
| 2. | Коефициент на пораст на цените на мало од ***почетокот на годината до крајот на ЈАНУАРИ/2025 година.*** | ***-0,004*** |

| | | |
|---|---|---|
| 3. | Коефициент на пораст на цените на мало во ***ЈАНУАРИ/2025 година*** во однос на ***ЈАНУАРИ/2024 година***. | ***0,052*** |
| 4. | Коефициент на пораст на трошоците на живот во Република Македонија во период ***од почетокот на годината*** до крајот на ***ЈАНУАРИ/2025 година во однос на просекот на трошоците на живот во 2024 година.*** | ***0,020*** |

### *3. ТРОШОЦИ НА ЖИВОТ – ИНФЛАЦИЈА*

| *Р.бр.* | ОПИС | *Коефициент* |
|---|---|---|
| 1. | Месечен коефициент на пораст на цените на мало во ***ЈАНУАРИ/2025*** *година*, во однос на ***ДЕКЕМВРИ/2024 година.*** | ***0,002*** |
| 2. | Коефициент на пораст на цените на мало од ***почетокот на годината до крајот на ЈАНУАРИ/2025 година.*** | ***0,002*** |
| 3. | Коефициент на пораст на цените на мало во ***ЈАНУАРИ/2025 година*** во однос на ***ЈАНУАРИ/2024 година***. | ***0,049*** |
| 4. | Коефициент на пораст на трошоците на живот во Република Македонија во период ***од почетокот на годината*** до крајот на ***ЈАНУАРИ/2025 година во однос на просекот на трошоците на живот во 2024 година.*** | ***0,021*** |

# ПРЕГЛЕД НА ВИСИНА НА СТАПКА НА КАЗНЕНА И ДОГОВОРНА КАМАТА ОД 01.02.2010 ДО 30.06.2025 година

| Период | Референтна каматна стапка | Казнена камата правно и правно | Казнена камата правно и физичко | Објава на НБРМ | Стапка на ЕУРИБОР | Правно и правно | Правно и физичко |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3=(2+10%) | 4=(2+8%) | 5 | 6 | 7=(6+10%) | 8=(6+8%) |
| 01.02-30.06. 2010 | 8,5% | 18,5% | 16,5% | **8562 30.12.2009** | 0,453% | 10,453% | 8,453% |
| 01.07-31.12. 2010 | 5% | 15% | 13% | **4474 30.06.2010** | 0,485% | 10,485% | 8,485% |
| 01.01-30.06. 2011 | 4% | 14% | 12% | **2521 29.12.2010** | 0,782% | 10,782% | 8,782% |
| 01.07-31.12. 2011 | 4% | 14% | 12% | **5978 30.06.2011** | 1,325% | 11,325% | 9,325% |
| 01.01-30.06. 2012 | 4% | 13,75% | 12% | **9901 28.12.2011** | 1,024% | 11,024% | 9,024% |
| 01.07-31.12. 2012 | 3,75% | 13,75% | 11,75% | **5631 29.06.2012** | 0,373% | 10,373% | 8,373% |
| 01.01-30.06. 2013 | 3,75% | 13,75% | 11,75% | **10257 31.12.2012** | 0,109% | 10,109% | 8,109% |
| 01.07-31.12. 2013 | 3,50% | 13,50% | 11,50% | **23009 28.06.2013** | 0,123% | 10,123% | 8,123% |
| 01.01-30.06. 2014 | 3,25% | 13,25% | 11,25% | **40842 31.12.2013** | 0,216% | 10,216% | 8,216% |
| 01.07-31.12. 2014 | 3,25% | 13,25% | 11,25% | **21389 25.06.2014** | 0,099% | 10,099% | 8,099% |
| 01.01-30.06. 2015 | 3,25% | 13,25% | 11,25% | **40009 29.12.2014** | 0,018% | 10,018% | 8,018% |
| 01.07-31.12. 2015 | 3,25% | 13,25% | 11,25% | **22941 29.06.2015** | -0,064% | 9,936% | 7,936% |
| 01.01-30.06. 2016 | 3,25% | 13,25% | 11,25% | **41260 29.12.2015** | -0,205% | 9,795% | 7,795% |
| 01.07-31.12. 2016 | 4% | 14% | 12% | **21125 27.06.2016** | -0,364% | 9,636% | 7,636% |
| 01.01-30.06. 2017 | 3,75% | 13,75% | 11,75% | **38458 30.12.2016** | -0,368% | 9,632% | 7,632% |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 01.07-31.12. 2017 | 3,25% | 13,25% | 11,25% | **21905 29.06.2017** | -0,373% | 9,627% | 7,627% |
| 01.01-30.06. 2018 | 3,25% | 13,25% | 11,25% | **39714 26.12.2017** | -0,368% | 9,632% | 7,632% |
| 01.07-31.12. 2018 | 3,00% | 13,00% | 11,00% | **22066 27.06.2018** | -0,370% | 9,630% | 7,630% |
| 01.01-30.06. 2019 | 2,50% | 12,50% | 10,50% | **40459 26.12.2018** | -0,363% | 9,637% | 7,637% |
| 01.07-31.12. 2019 | 2,25% | 12,25% | 10,25% | **21235 26.06.2019** | -0,388% | 9,612% | 7,612% |
| 01.01-30.06. 2020 | 2,25% | 12,25% | 10,25% | **21235 26.06.2019** | -0,438% | 9,562% | 7,562% |
| 03.04-30.04. 2020 **(вонред-на состојба)** | 1,75% | 6,75% | 5,75% | **11011 03.04.2020** | -0,423% | 4,577% | 3,577% |
| 01.05-31.05. 2020 (**вонред-на состојба**) | 1,75% | 6,75% | 5,75% | **12262 29.04.2020** | -0,460% | 4,540% | 3,540% |
| 01.06-30.06. 2020 **(вонред-на состојба)** | 1,50% | 6,50% | 5,50% | **14004 29.05.020** | -0,482% | 4,518% | 3,518% |
| 01.07-31.12. 2020 | 1,50% | 11,50% | 9,5% | **15997 30.06.2020** | -0,510% | 9,490% | 7,490% |
| 01.01-30.06. 2021 | 1,50% | 11,50% | 9,5% | **31368 24.12.2020** | -0,554% | 9,446% | 7,446% |
| 01.07-31.12. 2021 | 1,25% | 11,25% | 9,25% | **19476 29.06.2021** | -0,555% | 9,445% | 7,445% |
| 01.01-30.06. 2022 | 1,25% | 11,25% | 9,25% | **37790/1 28.12.2021** | -0,583% | 9,417% | 7,417% |
| 01.07-31.12. 2022 | 2% | 12% | 10% | **21955/1 17.06.2022** | -0,508% | 9,492% | 7,492% |
| 01.01-30.06. 2023 | 4,75% | 14,75% | 12,75% | **42045/1 22.12.2022** | 1,884% | 11.884% | 9.884% |
| 01.07-31.12. 2023 | 6% | 16% | 14% | **22731/1 26.06.2023** | 3,399% | 13,399% | 11,399% |
| 01.01-30.06. 2024 | 6,30% | 16,30% | 14,30% | **42628/1 28.12.2023** | 3,845% | 13,845% | 11,845% |
| **01.07-31.12. 2024** | **6,30%** | **16,30%** | **14,30%** | **22635/1 17.06.2024** | **3,845%** | **13,845%** | **11,845%** |
| **01.01-31.06. 2025** | **5,55%** | **15,55%** | **13,55%** | **22635/1 28.12.2024** | **2,845%** | **12,845%** | **10,845%** |

## НАЈВИСОКИ МАЛОПРОДАЖНИ ЦЕНИ НА НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ
**(за период ЈАНУАРИ - МАРТ/2025 година)**

| ДАТА НА ВАЖНОСТ | ЦЕНИ НА ГОРИВО | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Еуро супер БС - 95 | Еуро супер БС - 98 | Еуро дизел БС (Д-Е V) | Масло за горење (ЕЛ – 1) | Мазут М-1/НС | Службен весник |
| 09.01.2025 | 78,00 | 80,50 | 72,50 | 72,00 | 45,711 | 4/2025 |
| 14.01.2025 | 79,50 | 81,50 | 73,50 | 73,00 | 45,285 | 6/2025 |
| 17.01.2025 | 79,50 | 81,50 | 75,50 | 73,00 | 46,336 | 10/2025 |
| 18.01.2025 | 79,50 | 81,50 | 75,50 | 75,00 | 46,336 | 11/2025 |
| 21.01.2025 | 81,00 | 83,00 | 76,00 | 75,50 | 46,673 | 12/2025 |
| 28.01.2025 | 80,00 | 82,00 | 74,50 | 73,50 | 45,631 | 17/2025 |
| 31.01.2025 | 80,00 | 82,00 | 74,50 | 73,50 | 44,531 | 20/2025 |
| 04.02.2025 | 79,00 | 81,50 | 73,00 | 72,00 | 44,531 | 22/2025 |
| 06.02.2025 | 79,00 | 81,50 | 73,00 | 72,00 | 46,025 | 24/2025 |
| 08.02.2025 | 79,00 | 81,50 | 73,00 | 72,00 | 47,469 | 27/2025 |
| 11.02.2025 | 79,50 | 81,50 | 73,00 | 73,00 | 48,011 | 28/2025 |
| 18.02.2025 | 80,00 | 82,00 | 74,00 | 73,50 | 47,209 | 34/2025 |
| 21.02.2025 | 80,00 | 82,00 | 74,00 | 73,50 | 46,190 | 39/2025 |
| 25.02.2025 | 79,00 | 81,00 | 73,50 | 73,00 | 46,178 | 42/2025 |
| 04.03.2025 | 77,50 | 79,50 | 72,00 | 71,50 | 44,952 | 48/2025 |
| 07.03.2025 | 77,50 | 79,50 | 72,00 | 71,50 | 43,501 | 51/2025 |
| 08.03.2025 | 75,00 | 77,50 | 72,00 | 71,50 | 43,501 | 52/2025 |
| 11.03.2025 | 74,50 | 76,50 | 70,00 | 69,50 | 42,261 | 53/2025 |
| 18.03.2025 | 74,50 | 76,50 | 68,50 | 68,00 | 41,345 | 59/2025 |
| 25.03.2025 | 75,00 | 77,50 | 68,00 | 68,00 | 40,755 | 63/2025 |

# РОКОВИ ПРИ ЗАДОЛЖИТЕЛНО ПОДНЕСУВАЊЕ НА ОБРАСЦИ ЗА МАРТ/2025 ГОДИНА

**Даночниот роковник** е потсетник за навремено поднесување на даночните пријави во законски предвидените рокови. Во календарот даден е преглед на даночните обврски и роковите во кои треба да ја поднесете даночната пријава по одделни видови даноци.

Доколку рокот до кога треба да се поднесе соодветната даночна пријава **е Сабота, Недела или Државен празник**, тогаш тој **се поместува за првиот следен работен ден**.

Но, сепак се препорачува даночните обврски да ги исполнат пред навршувањето на крајните рокови, прикажани во Табелата.

| ОБВРСКА | РОК НА ДОСТАВУВАЊЕ |
|---|---|
| **ОБРАЗЕЦ**: **МПИН – Поднесување на** Месечна пресметка за интегрирана на Бруто плата односно придонеси од задолжително социјално осигурување и ДЛД од плати за ***ФЕВРУАРИ/2025*** **година.**<br>**Доставување**: **Електронски до УЈП**. | **До 10 МАРТ** |
| **ОБРАЗЕЦ**: **МПИН – Плаќање по основ на Месечна пресметка за интегрирана наплата на Бруто плата** односно придонеси од задолжително социјално осигурување и ДЛД од плати за ***ФЕВРУАРИ/2025*** **година**<br>**Доставување**: **Електронски до УЈП**. | **До 15 МАРТ** |
| **ОБРАЗЕЦ**: **Е-ПДД – Плаќање на аконтацијата на данокот на личен доход** преку реализација на ПП53 налогот од одобрените Електронски пресметки (**е-ППД**) кои ги имате поднесено за остварениот доход во земјата и странство во системот https://e-ujp.ujp.gov.m<br>**ОБВРЗНИЦИ: ГРАЃАНИ**<br>**Доставување**: **Електронски до УЈП**. | **До 15 МАРТ** |
| **ПЛАКАЊЕ НА: Месечна аконтација на ДАНОК НА ДОБИВКА .(МДБ) за ФЕВРУАРИ/2025 година**<br>**ОБВРЗНИЦИ:** Сите правни субјекти освен обврзник со посебен даночен статус (***заштитно друштво за врабо-*** | **До 15 МАРТ** |

| | |
|---|---|
| *тување на инвалиди, стопанска единица на КПУ, или корисник на технолошко индустриска зона, како и трговските друштва кои се обврзници на паушал на вкупен приход*).<br>**НАПОМЕНА: Образецот *„МДБ" немате обврска да го доставувате до УЈП.*** | |
| **ОБРАЗЕЦ: Е-ПДД – Плаќање на месечната аконтација за данокот на личен доход од вршење самостојна дејност** преку реализација на ПП53 налогот од Електронски пресметки (е-ППД) кои се прилог кон решенијата за утврдување на годишниот данок за доходот остварен од вршење дејност во системот https://e-ujp.ujp.gov.mk ***ФЕВРУАРИ/2025*** **година**<br>**ОБВРЗНИЦИ: ПАУШАЛИСТИ**<br>**Доставување: Електронски до УЈП.** | **До 15 МАРТ** |
| **ОБРАЗЕЦ: ДЛД-ДБ – Плаќање на месечната аконтација за данокот на личен доход по основ на ДЛД-ДБ ПРЕКУ** преку реализација на ПП53 налогот од Електронската пресметка (МДЛД) во системот https://e-ujp.ujp.gov.mk за ***ФЕВРУАРИ/2025*** **година**<br>**ОБВРЗНИЦИ:** Трговец поединец и самостоен вршител на дејност<br>**Доставување: Електронски до УЈП.** | **До 15 МАРТ** |
| **ОБРАЗЕЦ: "Б" Биланс на приходи и расходи,** За остварената добивка/загуба од вршење на дејност<br>**ОБВРЗНИЦИ:** Трговец-поединец и самостоен вршител на дејност.<br>**ДОСТАВУВАЊЕ:** преку **http://epdd.ujp.gov.mk** | **До 15 МАРТ** |
| **ОБРАЗЕЦ: "ДЛД-ДБ" Годишен даночен биланс за ут-врдување на данокот на доход од вршење на самостојна дејност**, за остварената добивка/загуба од вршење на дејност.<br>**ОБВРЗНИЦИ**:Трговец-поединец и самостоен вршител на дејност<br>**ДОСТАВУВАЊЕ** преку **http://epdd.ujp.gov.mk** | **До 15 МАРТ** |
| **ОБРАЗЕЦ: "ДБ" Даночен биланс за оданочување на добивката**<br>**ОБВРЗНИЦИ**: **Правни лица/**резиденти на РСМ кои остваруваат добивка од вршење на дејност во земјата и странство или постојана деловна единица на нерези- | **До 15 МАРТ** |

| | |
|---|---|
| дент - кој остварува добивка од вршење на дејност на територија на РСМ, заради утврдување на данокот на добивка.<br>**ДОСТАВУВАЊЕ:** преку **http://etax.ujp.gov.mk** | |
| **ОБРАЗЕЦ: "ДБ-ВП" – Даночен биланс на Вкупен приход**.<br>**ОБВРЗНИЦИ: Правни лица** доколку ги исполнуваат условите за влез во „поедноставениот даночен режим за трговски друштва" за оданочување со данок на вкупен приход односно сте оствариле вкупен приход во претходната година **до 5.000.000 милиони** денари на годишно ниво или пак **од 5 000 001 до 10 000 000** денари на годишно ниво и сакате да се определите за пресметување и плаќање на годишен данок на вкупен приход, и доколку Годишната сметка до Централниот регистар ја имате доставено во електронска форма,<br>**ДОСТАВУВАЊЕ:** преку **http://etax.ujp.gov.mk.** | **До<br>15 МАРТ** |
| **ОБРАЗЕЦ: ВХВ-1/**Извештај за состојба и промени на вложувања во сопствени хартии од вредност и удели во инвестициски фондови и **ВХВ-2**/Извештај за состојба и промени на вложувања во должнички извештај за состојба и промени на вложувања во должнички хартии од вредност за **ФЕВРУАРИ/2025 година.**<br>**ОБВРЗНИЦИ**: **Резиденти** кои можат да вложуваат во хартии од вредност на странски финансиски пазари.<br>**ДОСТАВУВАЊЕ**: **до НБРМ.** | **До<br>20 МАРТ** |
| **ОБРАЗЕЦ: МИ –** Месечен извештај за трансакции за во странство.за **Февруари/2025 година.**<br>**ОБВРЗНИЦИ: Резиденти** кои имаат сметки во странство, евидентни сметки или имаат одобрение за девизен максимум, односно во работењето вршат наплата и плаќање во ефективни странски пари.<br>**ДОСТАВУВАЊЕ: до НБРМ** | **До<br>20 МАРТ** |
| **ОБРАЗЕЦ: ВС-11 -** Годишен извештај за вложувања **ВО странство**<br>**ОБВРЗНИЦИ: Инвеститори (*Известувачи*)**, за состојбата и промените на капиталот и меѓукомпанискиот долг со претпријатија во кои се инвестира, врз основа на вложувања **ВО странство.**<br>**ДОСТАВУВАЊЕ**: **до НБРМ.** | **До<br>20 МАРТ** |

| | |
|---|---|
| **ОБРАЗЕЦ: ВС-22 -** Годишен извештај за вложувања **ОД странство**<br>**ОБВРЗНИЦИ: Претпријатила во кои се инвестира**, за состојбата и промените на капиталот и меѓукомпанискиот долг на капитално поврзаните субјекти врз основа на вложувања **ОД странство** ***(доколку се избрани во примерокот на известувачи).***<br>**ДОСТАВУВАЊЕ**: **до НБРМ.** | **До 20 МАРТ** |
| **ОБРАЗЕЦ**: “**ДДВ/04 “Даночна пријава на ДДВ**<br>**ОБВРЗНИЦИ**: **МЕСЕЧНИ** даночни обврзници.<br>**ДОСТАВУВАЊЕ:** преку **http://etax.ujp.gov.mk** | **До 25 МАРТ** |
| **ОБРАЗЕЦ: “ДЛД-ДБ”** Плаќање на утврдената разлика за доплата во “**ДЛД-ДБ**“ преку реализација на ПП53 налогот од пресметката “ДЛД по ДЛД ДБ” во системот https://e-ujp.ujp.gov.m<br>**ОБВРЗНИЦИ**:Трговец-поединец и самостоен вршител на дејност<br>**ДОСТАВУВАЊЕ** преку **http://epdd.ujp.gov.mk** | **До 30 МАРТ** |
| **ОБРАЗЕЦ**: “**ДД-01 “Барање за пренесување на загубата**.<br>**ОБВРЗНИЦИ**: Правни лица, кои во изминатата година оствариле финансиска загуба во Билансот на успех, со цел да се оствари право на намалување на даночната основа во идните пресметковни периоди.<br>**ДОСТАВУВАЊЕ:** преку **http://etax.ujp.gov.mk** | **До 31 МАРТ** |
| **Поднесување на Консолидирана годишна сметка на финасиски извештаи за 2024 година за Трговски друштва и корисници на Буџети и Фондови.** | **До 31 МАРТ** |

# ПРАШАЊА И ОДГОВОРИ

*дипл.економист: Ромео Костадинов*

## *НАДОМЕСТОК НА ШТЕТА (ОБЕСШТЕТУВАЊЕ) И ДДВ*

***ПРАШАЊЕ:***

Дали при задолжување со пенали, поради неисполнување на договорни обврски се пресметува ДДВ?

***ОДГОВОР:***

Согласно одредбите од Законот за ДДВ, кај вистинскиот надоместок на штета, недостасува промет, односно не постои размената на исполнувања. Надоместокот на штета не се врши затоа што исполнувачот примил одреден промет, туку затоа што е должен според законот или договорот да ја признае штетата и нејзините последици.

Стварниот надоместок на штета, постои во случаите на отстранување на последиците од штетата, од страна на оштетувачот. Истото се однесува и од него задолжен самостоен помошник во исполнувањето при отстранување на штета, при плаќање на парично обесштетување од страна на оштетеното лице или на трето лице по негово задолжение, без посебен налог даден од лицето задолжено за надоместувањето.

Наспроти тоа, надоместокот на штета не постои, кога обесштетувањето претставува фактичко – па дури и делумно – противисполнување за одреден промет на добра или на услуги. Ако самото оштетено лице ја отстрани самостојно нему причинетата штета по налог на оштетувачот, обесштетувањето ќе се смета за надоместок во рамките на одредената размена на исполнувања.

**Договорните пенали**, кои се плаќаат заради неисполнување или несоодветно исполнување на договори, **имаат карактер на обесштетување**. Ако примателот на исполнувањето е должен да плати договорни пенали спрема даночниот обврз-

ник – исполнувач, во тој случај не постои зголемување на надоместокот. Ако даночниот обврзник - исполнувач ги плати договорните пенали, спрема примателот на исполнувањето, во тој случај не постои намалување на надоместокот.

Кога на одреден даночен обврзник му се исплаќаат **трошоците од судска постапка** од спротивната страна на спорот, во тој случај не се работи за дел од надоместок за одреден промет, туку за надомест на штета. Истото важи и **за такси или трошоци за опомена** кои ги наплаќа одреден даночен обврзник од своите задоцнети плаќачи.

**Затезните камати, каматите за втасаност и процесните камати** се сметаат, исто така, за обесштетувања.

Кога принципалот му плаќа **отпремнина** на својот трговски застапник, во случај на престанок на меѓусебниот договор, во тој случај ваквото плаќање **не претставува обесштетување**, туку надоместок за исполнувањето платен од принципалот за стекнатите имотни предности кои настанале со вршењето на дејноста како трговски застапник. Истото важи и во случаи кога побарувањето во форма на отпремнина втасува со смртта на трговскиот застапник.

**Обесштетувањата** спрема закуподавецот или закупопримачот **за предвременото напуштање на изнајмените** простории или за укинување на тековниот договор за закуп, не претставуваат надоместок на штета, туку надоместок за одреден промет.

Паричниот износ кој го добива продавачот како замена врз основа на **кредитно осигурување на испорачана стока**, не претставува надоместок за одредениот промет на добра, туку обесштетување.

Ако одреден трговец изврши **отстранување на недостатоци** врз добра купени кај него, за кои има обврска на гаранција спрема купувачот, во тој случај постои надоместок на штета. Притоа, не доаѓа до промена на надоместокот. Истото важи и кога производителот му ги **надоместува** на трговецот **материјалните трошоци и трошоците за плати,** настанати како последица на отстранувањето на штетата.

Во случај на **предвремено окончување** на договор за лизинг, договорно утврдените плаќања кои треба уште да се извршат се сметаат за **обесштетување, а не за надоместок**.

## *ОДАНОЧУВАЊЕ СО ДДВ НА ИМОТ ПРИ ЛИКВИДАЦИЈА*

***ПРАШАЊЕ:***

Дали се оданочува со ДДВ, имотот на правниот субјект, кој се ликвидира и кој се пренесува како ликвидационен остаток на своите основачи, доколку вредноста на имотот кој се пренесува во сопственост е над износот на запишаниот основачки влог?

***ОДГОВОР:***

Согласно Законот за ДДВ ("Службен весник на РМ" 44/99 ... 198/18 и "Службен весник на РСМ" 98/19...03/25), прометот на добра и услуги со надоместок во земјата, подлежи на оданочување со ДДВ.

Преносот на сопственоста на имот, подлежи на оданочување со ДДВ при неговата купопродажба од физички или правни лица, согласно одредбите од Законот за ДДВ.

Стекнувањето на сопственост од имот на друштвото како при редовна купопродажба од страна на правен субјект спрема физичко лице или спрема друг правен субјект, подлежи на ДДВ. Притоа нема значение дали станува збор за промет од залихите на субјектите или од недвижности, постројки и опрема, кои се користат како основни средства за работа.

При ликвидација на друштвото имотот што се распределува на доверители, сопственици или трети лица, исто така подлежи и на оданочување со ДДВ, согласно одредбите од член 3 став 3 точка 3 од Законот за ДДВ.

Согласно одредбите од член 3 став 3 точка 3 од Законот за ДДВ, задржувањето на добра од страна на даночниот обврзник или од лицето кое стапува на неговото место, по престанувањето со вршењето на стопанската дејност, **претставува промет со надомест кој се оданочува со ДДВ**.

Согласно одредбите од член 19 став 1 точка 1 набавната вредност или цената на чинење на имотот во моментот на прометот, претставува даночна основица за ДДВ.

Притоа нема значение, дали вредноста на основните средства кои како ликвидационен остаток се пренесуваат во сопственост на основачот, се над или под вредноста на запишаниот влог на основачот, на кој се пренесуваат во сопственост.

На оданочување со ДДВ, подлежи целата вредност на имотот кој се пренесува како ликвидационен остаток, определена преку набавната вредност или цената на чинење во моментот на ликвидацијата.

## *НАДОМЕСТОК ЗА РАБОТА НА ВЕРСКИ И ДРЖАВЕН ПРАЗНИК*

***ПРАШАЊЕ:***

Дали надоместокот за работа на верски и на државен празник се разликува или е истоветен за ангажираните работници во наведените денови?

***ОДГОВОР:***

Согласно одредбите од Законот за работните односи (ЗРО) ("Службен весник на РСМ" 62/05...111/23, 39/25; 74/25), се определува висината на надоместокот што им следува на вработените кои се работно ангажирани за време на верски или на државен празник.

Со одредбите од член 25 од Законот за трговија (ЗТ) ("Службен весник на РСМ" 16/04...150/22, 93/23; 16/25), се предвидува правото за работа во деновите на одмор, односно и за време на недела, верски и државен празник.

Согласно наведените одредби, предвидени се обврските за работодавачот за плаќање на работата за време на верски и државен празник презентирани во табелата 1.

**Табела 1**

| ДОДАТОЦИ НА ПЛАТА | ЗАКОН ЗА РАБОТНИ ОДНОСИ | ЗАКОН ЗА ТРГОВИЈА |
|---|---|---|
| Работа во **НЕДЕЛА** | 50% - Додаток за недела<br>100% - Дневница<br>**150% 1,5 Дневници** | 100% - Додаток за недела<br>100% - Дневница<br>**200% 2 - Дневници** |
| Работа во **НЕДЕЛА/ПРАЗНИК** (чл.2 од ЗП – **Државен празник** и чл.4 од ЗП- **Верски празник**) | 50% - Додаток/недела<br>50% - Додаток/празник<br>100% - Дневница<br>**200% 2 Дневници** | 100% - Додаток за недела<br>100% - Додаток / празник<br>100% - Дневница<br>**300% 3 Дневници** |
| Работа во **ПОНЕДЕЛНИК** продолжен ден на празник во **НЕДЕЛА (чл. 2 од ЗП – Државен празник)** | 50% - Додаток за празник<br>100% - Надоместок за празник<br>100% - Дневница<br>**250% 2,5 Дневници** | 100% - Додаток за празник<br>100% - Надоместок за празник<br>100% - Дневница<br>**300% 3 Дневници** |
| Работа во **ПРАЗНИК РАБОТЕН ДЕН (чл. 2 од ЗП) Државен празник** | 50% - Додаток за празник<br>100% - Надоместок за празник<br>100% - Дневница<br>**250% 2,5 Дневници** | 100% - Додаток за празник<br>100% - Надоместок за празник<br>100% - Дневница<br>**300% 3 Дневници** |
| Работа во **ПРАЗНИК РАБОТЕН ДЕН (чл. 4 од ЗП) Верски празник** | 50% - Додаток за празник<br>100% Надоместок за празник<br>100% - Дневница<br>**250% 2,5 Дневници** | 50% - Додаток за празник<br>100% - Надоместок за празник<br>100% - Дневница<br>**250% 2,5 Дневници** |

Врз основа на наведените одредби, предвидени се различни износи како надоместок за работа во време на верски и државен празник, видно од прикажаното во Табела 1.

Така на верски празник согласно ЗРО кој паѓа во недела, следи 200%, а во работен ден 250% надоместок за работно ангажирање. Согласно ЗР за работа во верски празник кој паѓа во недела следи 300%, а во работен ден 250%.

За државен празник согласно ЗРО кој паѓа во недела а се празнува понеделник,следи 250% и истоветно ако паѓа државниот празник во друг работен ден следува 250%. Согласно ЗТ надоместокот за работа на државен празник, кој паѓа во недела, а се празнува во понеделник, следи 300%, а за државен празник во работен ден следи 300%.

***дипл.економист: Јулија Минковска***

## ПРАВО НА ПОРОДИЛНО ОТСУСТВО ПРИ ПРЕМИН ОД ЕДНА ВО ДРУГА ФИРМА

***ПРАШАЊЕ:***

Имам вкупен стаж од 10 години, во фирмата во која сум сега вработена имам стаж од 2 месеца. Дали можам да остварам право на породилно отсуство?

***ОДГОВОР:***

Согласно член 15 од Законот за здравствено осигурување, ("Службен весник на РМ" 25/00...60/23, 154/23, 209/23), осигурениците можат да остварат право на надоместок на плата, ако ги исполнуваат и следниве услови:

1) Ако здравственото осигурување траело ***најмалку шест месеци непрекинато пред настапување на случајот,*** освен во случаите на повреда на работа и професионално заболување, како и за осигуреникот чиј брачен другар бил упатен на работа во странство во рамките на меѓународно-техничка соработка, просветно-културна и научна соработка, во дипломатски и конзуларни претставништва, на стручно усовршување или образование со согласност и за потребите на работодавачот и по тој основ му мирува работниот однос, доколку ***во рок од 30 дена од денот на престанувањето на работата*** на неговиот брачен другар во странство, се врати на работа кај работодавачот, кај кој му мирува работниот однос;

2) Придонесот за задолжителното здравствено осигурување редовно да е уплатуван или со задоцнување од најмногу 60 дена и

3) Оцената за привремена спреченост за работа ја дал избраниот лекар, односно лекарската комисија

Основица за пресметување на надоместокот на плата преставува просечниот месечен износ на исплатената плата на која е платен придонесот за задолжителното здравствено осигурување **во последните (12) дванаесет месеци** пред настанувањето на случајот поради кој се стекнува правото на надоместокот.

Ако за осигуреникот ***не може да се утврди основица*** **за надоместокот** основицата за надоместокот ќе се утврди од платата ***што ја остварил за деновите поминати на работа во периодот пред настанување на случајот.***

***За самовработените лица основица*** за пресметување на надоместок на плата ***претставува основицата на која е платен придонесот за задолжително здравствено осигурување***.

Доколку Вие немате прекин во стажот **при преминот од едната во другата фирма,** а фондот за основица го зема вкупниот **период од 6 месеци** на кој е платен придонесот за здравствено осигурување, **го остварувате правото на породилно отсуство** од работа.

## ***ОСНОВИЦА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПАТОЛОШКА БРЕМЕНОСТ***

***ПРАШАЊЕ:***

Колку изнесува висината на надоместокот на плата за привремена спреченост за работа **(боледување**), при патолошка бременост?

***ОДГОВОР:***

Согласно член 14 од Законот за здравствено осигурување ("Службен весник на РМ" 25/00...60/23, 154/23, 209/23), правото на надоместок на плата за време на отсуство од работа поради бременост (***патолошка бременост***), раѓање и мајчинство можат да го остварат осигурениците кои биле здравствено

осигурани ***непрекинато најмалку (6) шест месеци, пред започнувањето на отсуството.***

Тоа значи дека на осигуреникот, кој остварува право на боледување по овој основ, ***работодавецот е должен до 30 ден спреченост за работа да му исплати 90% од основицата,*** а ***после 30-от ден спреченост за работа, обврската за исплата на боледувањето ја презема Фондот за здравствено осигурување.*** Фондот надоместокот го пресметува и исплатува според основицата која согласно член 16 од Законот за здравствено осигурување, претставува просечниот месечен износ на исплатената нето плата на која е платен придонесот за задолжително здравствено осигурување ***во последните (6) шест месеци пред настанување на случајот, поради кој се стекнува правото на надоместок***.

При овој случај на боледување ***(патолошка бременост)*** **се исплатува 100%** од утврдената основица од член 16 од Законот.

Доколку за осигуреникот не може да се утврди основицата за надоместокот, ***основицата ќе се утврди од платата што ја остварил за деновите поминати на работа во периодот пред настанување на случјот.***

## ЗАБРАНА НА ОТКАЗ ПОРАДИ БРЕМЕНОСТ, РАЃАЊЕ И РОДИТЕЛСТВО

***ПРАШАЊЕ:***

Дали работодавачот може да и даде отказ на работничка која е на породилно отсуство?

***ОДГОВОР:***

Согласно член 165 од Законот за работни односи (“Службен весник на РМ” 62/05…111/23), работничка за време на бременост, раѓање и родителство **има право на платено отсуство од работа во траење од (9) девет месеца непрекинато**, а доколку роди повеќе деца одеднаш **(близнаци, тројка и повеќе) (15) петнаесет месеци.**

Врз основа на наод од надлежниот здравствен орган, работничката може да го започне отсуството за бременост, раѓање **и родителство 45 дена** пред раѓањето, **а задолжително 28 дена пред раѓање.**

Доколку работничката се породи порано од предвидениот рок, отсуството за бременост и раѓање започнува да го користи од денот на раѓање на детето до истекот на рокот од 9 месеци.

Доколку од здравствени причини, детето е задржано за нега или лекување во здравствена установа и доколку во меѓувреме мајката или таткото се вратат на работа, отсуство поради раѓање и родителство се прекинува и истото имаат право да го искористат, неискористениот дел од отсуството од 9 месеци.

Работникот е должен на работодавачот да му го најави времето на започнувањето на користењето и времето на завршување **на родителското отсуство, 30 дена** пред започнувањето, односно пред завршувањето на користењето на правото на родителско отсуство.

Работничка која посвојува дете, има право на отсуство до наполнување на деветмесечна возраст на детето, а доколку посвоила повеќе деца **(две или повеќе) 15 месеци.**

Работничка која посвојува дете, има право на платено отсуство за времетраењето на периодот на адаптацијата на детето, согласно со прописите за семејството.

Поради остварувањето на овие права, а во согласност со член 101 од Законот за работни односи, **работодавачот не смее да го откаже договорот за вработување на работничката за време на бременост, раѓање и родителство и отсуство поради нега и чување на деца.**

## *ПОВТОРНО ВРАЌАЊЕ НА РАБОТА ОД ОТСУСТВО ОД РАБОТА ПОРАДИ БРЕМЕНОСТ, РАЃАЊЕ И РОДИТЕЛСТВО*
### *(Прекин на породилно отсуство)*

***ПРАШАЊЕ:***

Дали работничката може да го прекине породилното отсуство, пред законски утврдените девет месеци?

***ОДГОВОР:***

Согласно член 166 од Законот за Работни односи ("Службен весник на РМ" 62/05...110/19, 267/20, 151/21, 111/23), работничка која користи отсуство поради бременост, раѓање и родителство, ако сака ***може да се врати на работа и пред истекот на отсуството, но не и пред 45 дена од денот на раѓање на детето.***

Работничката, ***покрај правото на плата, има право и на надомест на плата*** за отсуство поради бременост и родителство, ***во висина од 50% од утврдениот износ*** на надоместокот за отсуството од работа, според прописите за здравствена заштита.

На крајот на родителското отсуство, работникот има право да се врати на истото работно место или, доколку тоа не е возможно, на соодветно работно место, според условите од договорот за вработување.

## ***ПРАВО НА РЕГРЕС ЗА ГОДИШЕН ОДМОР ПРИ ОТСУСТВО ОД РАБОТА ПОРАДИ БОЛЕДУВАЊЕ***

***ПРАШАЊЕ:***

Дали породилка по враќањето од породилно отсуство во месец август, има право на користење на годишен одмор и исплата на Регрес за годишен одмор?

***ОДГОВОР:***

Согласно член 138 од Законот за Работни односи, ("Службен весник на РМ" 62/05...110/19, 267/20, 151/21, 111/23), траењето на годишниот одмор ***од најмалку 20 работни дена***, се определува според времето поминато во работен однос, условите за работа и други критериуми утврдени со колективниот договор.

***Празниците, саботите и неделите и слободните денови, отсуствата поради боледување***, како и другите случаи на оправдано отсуство од работа, ***не се пресметуваат во деновите на годишниот одмор.***

Како ден на годишен одмор се смета секој работен ден кој е според распоредот на работното време кај работодавачот за конкретниот работник одреден како работен ден.

Според овие законски одредби породилката по враќање од породилно отсуство, во месец Август/2025 година ***ќе има право на годишен одмор и регрес за годишен одмор*** бидејќи иако била на боледување правото не и е ускратено затоа што ***отсуството од работа поради боледување, се смета како оправдано отсуство од работа*** и влегува во работен стаж од 6 месеци во календарската година.

## НАДОМЕСТОК НА ПЛАТА ЗА ОТСУСТВОТО ПОРАДИ БРЕМЕНОСТ, РАЃАЊЕ И РОДИТЕЛСТВО ПРИ ОПРЕДЕЛНО РАБОТНО ВРЕМЕ

***ПРАШАЊЕ:***

Дали на работникот на кој му престанал договорот за вработување на определено време, поради истек на договорот и користи надоместок на плата за време на отсуството поради бременост, раѓање и родителство, може да го користи правото на породилно отсуство?

***ОДГОВОР:***

Согласно член 170 од Законот за Работни односи, ("Службен весник на РМ" 62/05…110/19, 267/20, 151/21, 111/23), работникот кој користи отсуство поради бременост, раѓање и родителство, отсуство за нега и заштита на дете, има право на надоместок на плата согласно со ЗРО и друг закон и колективен договор.

Работникот на кој му престанал договорот за вработување на определено време, поради истек на договорот и користи **надоместок на плата за време на отсуството поради бременост, раѓање и родителство**, ***продолжува да го користи правото до истекот на отсуството на товар на Фондот за здравствено осигурување, до завршувањето на правото за породилното отсуство.***